Општина Гази Баба

Адреса: Архимедова 2

Телефонски број: +389 2 322 66 55

Е-Пошта: opstina@gazibaba.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 2017-2021

Скопје 2016




СТРАТЕГИЈА
ЗА РАЗВОЈ
НА ТУРИЗМОТ
ВО ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА
2017-2021
Скопје 2016

# Изработиле

Работен тим од Факултет за туризам и бизнис логистика:

Дејан Методијески, Елизабета Митрева, Оливер Филипоски, Никола Цуцулески, Никола Димитров, Нако Ташков, Александар Карталов.

Работен тим од општина Гази Баба:

Сашо Трајков, Емилија Кипровска, Душка Атанасовска, Митко Аџикотарев, Лидија Крстеска, Надица Трајковска.

Партнери од бизнис секторот, јавниот сектор и НВО:

Валентина Димитрова, Љубица Ангелова, Елена Канзурова, Гоце Саздов, Даниела Тримчевска, Невенка Милушевска, Весна Филиповска, Никола Соколовски, Глигор Петковски, Ели Урумова, Александар Ѓоргиевски, Стевче Здравковски, Тони Бојковски, Томе Димовски, Добре Костовски, Слободан Павлов.

Фотографии:

Драган Таневски, Александар Крушарев.

Мапи:

Тримакс

Дизајн:

Блаже Спирески

ЦИП

# Предговор со градоначалникот



Општина Гази Баба е дел од главниот град на Скопје, со специфични карактеристики на урбани и рурални територијални сегменти.

Во изминатите неколку децении на постоење и егзистирање општината е идентификувана од поширокета домашна и странска јавност како индустриска локомотива на градот Скопје и скопскиот регион. Но жителите на град Скопје и општина Гази Баба знаат дека на територијата на општина Гази Баба егзистираат многу природни ресурси, културно наследство и знаменитости, земјоделска раноградинарска традиција која ги снабдува сите маркети во Скопје и секако познати урбани брендови (плоштадот Филип II Македонски, Скопска пивара, Скопски саем, винариите Шато Камник и Сковин, Алкалоид, Европа, Континентал, Бриколаж, Меркур, Нептун, Супер Тинех, Кам, Жито Маркет, многу помали маркети, угостителски објекти и кафулиња).

**Визија** - „Општина Гази Баба е дел од главниот град на Р. Македонија со квалитетни урбани услуги и ефикасен урбан менаџмент, конкурентна економија и одржлив економски раст, висок квалитет на живеење и здрава животна средина, атрактивна за бизниси, домување и туристи"

Во таа насока, а согласно нашата визија за општина Гази Баба, и усвоените урбанистички планови од Советот на ОГБ со фокус на туризмот, пристапивме кон подготовка на Стратегија за туризам на општина Гази Баба. Во изработката на Стратегијата се вклучија сите чинители, пред се Факултетот за туризам и бизнис логистика од Универзитетот Гоце Делчев, за што искрено им се заблагодарувам.

Стратегијата за туризам на ОГБ треба да претставува одлична основа за поорганизиран и поинтензивен развој на туризмот и туристичката дејност во нашата општина.

***Градоначалник,***

***Тони Трајковски***

# Содржина


ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ........4

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРАД СКОПЈЕ........9

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........9

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ГРАД СКОПЈЕ........11

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА........17

ВАЖНОСТА НА ТУРИЗМОТ ЗА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........21

ТРЕНДОВИ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР........26

ВИЗИЈА ЗА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........28

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........31

ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........31

ВЕБ ПОРТАЛ........36

БИЗНИС ЗАЕДНИЦА........39

ГЕОГРАФСКА МЕСТОПОЛОЖБА И КЛИМА........37

ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ........39

СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ........39

ОБРАЗОВАНИЕ........39

СТРУЧНО ОБУЧУВАЊЕ........40

ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ........40

ПРИСТАПНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........40

ПРИРОДНИ И АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........45

ПРИРОДНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ........45

ПАРК ШУМА........24

ЛОКАЛИТЕТИ........47

РЕКАТА ВАРДАР........47

ПЛАНИНАТА СКОПСКА ЦРНА ГОРА........47

БОТАНИЧКА ГРАДИНА........48

АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ........49

АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ........49

ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ........54

РЕЛИГИОЗНИ ОБЈЕКТИ........55

МАНИФЕСТАЦИИ........63

ТУРИЗАМ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........67

УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........67

УГОСТИТЕЛСТВО........67

СМЕСТУВАЊЕ........67

ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ........68

САЕМИ И КОНФЕРНЦИИ........69

ВИНАРИИ........72

ПИВАРИ........77

ФАБРИКИ........78

БАНКИ........79

ПОШТИ........79

ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ........80

ФАРМАЦИЈА........81

БЕНЗИНСКИ ПУМПИ........82

ФОТО СТУДИЈА........82

ПАЗАРИ........82

СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ........83

СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ........85

АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА........87

ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ........89

АКЦИОНЕН ПЛАН, СТРАТЕШКА ЦЕЛ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ........95

МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА........109

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРАД СКОПЈЕ



www.3maks.com

# Основни податоци за Република Македонија и град Скопје

## • Основни податоци за Р.Македонија

Македонија е суверена и демократска држава сместена во централниот дел на Балканскиот полуостров. Векови наназад била врска помеѓу источните и западните светови, како од географски, така и од политички и културен аспект. Иако релативно мала по територија, земјата изобилува со прекрасна природа и културно-историско наследство кои се едни од основните фактори за развојот на туризмот.

Македонија се граничи со следниве земји: Србија и Косово на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад. Главен град на државата е Скопје со население од над половина милион жители. Други поголеми градови во земјава се: Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Велес, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кичево, Кавадарци и Кочани. Секој од овие градови нуди специфично гостопримство за себе и богат избор на атракции кои привлекуваат посетители. Македонија зафаќа територија од 25 713 km², на која живеат над два милиона жители.

Македонија е мултиетничко и мултикултурно општество и во неа се практикуваат разни религии. Во поглед на релјефните карактеристики, во Македонија преовладуваат планини и котлини; исто така среќаваме голем број реки, езера, пештери, клисури, кањони и др. Дури 80% од целокупната територија на земјата се планини, додека останатите 20% се зарамнето ниско земјиште. Иако е континентална земја, Македонија има голем број реки, шеснаесет планини повисоки од 2 000 m, и повеќе од 50 езера, од кои најзначајни за развојот на туризмот се Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, каде што се наоѓаат убави и атрактивно уредени плажи. На планините се наоѓаат модерни ски-центри кои се отворени за посетителите како во зимската, така и во летната сезона. Климатските услови се поволни и овозможуваат посета на позначајните локалитети во текот на целата година. Земјата е богата со разновиден растителен и животински свет и располага со три национални паркови. Се среќаваат предели со прекрасна вегетација, со густи шуми, со ендемични растенија и инсекти, со ретки животни, птици, влекачи, разни видови риба и др.

За влез во Македонија, постојат 14 гранични премини и два аеродрома: во Скопје и во Охрид. Градовите во Македонија се поврзани меѓусебно со редовен автобуски превоз преку солидна патна мрежа, во поголемиот дел од нив постои локален автобуски превоз, такси компании и рент-а-кар. Железничката мрежа е недоволно развиена и побавна, а бродски транспорт има на езерата.

Во Македонија постојат голем број продавници и занаетчиски дуќани во малопродажниот сектор, како и модерни шопинг-центри, затворени и отворени пазари, каде што може да се купат најразлични стоки и производи. Урбаните и руралните средини во Македонија имаат богата понуда на различни културни настани и манифестации, музеи, галерии и културно-историски споменици што можат да бидат посетени. За збогатување на престојот на посетителите, на нивно располагање стојат над 400 регистрирани туристички агенции, голем број лиценцирани туристички водичи на повеќе јазици и туристички информативни центри во неколку градови.



**Местоположба на Македонија во Европа**

На развојот на туризмот, како една особено важна дејност во Република Македонија, се посветува особено внимание преку креирање на политики и мерки за најдобро искористување на сите потенцијали на туризмот и за негова успешна промоција.

## • Основни податоци за град Скопје

Градот Скопје се наоѓа во северниот дел на Македонија и расположен е на бреговите на реката Вардар. Зафаќа површина од 571 km², а надморската височина во центарот на градот изнесува 240 m. Градот има повеќе милениумска историја за што сведочат археолошките пронајдоци со кои располагаме. Денес, град Скопје го сочинуваат десет општини: Центар, Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Чаир, Ѓорче Петров, Сарај и Шуто Оризари. Градот административно и територијално припаѓа на Скопскиот регион со изразито густа населеност од 319 ж/km². Градот претставува главен културен, образовен и стопански центар на земјата. Во Скопје се наоѓаат најголемиот број државни институции и министерства, Парламентот, Владата, седиштето на Претседателот на државата, како и странски амбасади и конзулати. Во градот се сместени меѓународната автобуска и железничка станица, постои можност за изнајмување велосипеди, се организираат специјализирани обиколки на градот со туристички автобуси, а постои и жичница што води до планината Водно.

Скопскиот регион е ограничен со планинските масиви Скопска Црна Гора на Север, Градиштанска Планина на Исток, масивот Мокра Гора на Југ и ограноците на Караџица, на Сува Гора и на Жеден на Запад. Планини кои се близу град Скопје и кои се посетувани од илјадници посетители се Скопска Црна Гора, Жеден, Водно, Китка, Караџица и други. Водно, е наблиска и најпосетувана средно висока планина со поволна географска положба до Скопје. Највисок врв е Крстовар, висок 1066 m., каде се наоѓа планинарски дом и Милениумскиот крст. Во регионот има и еден кањон, кањонот „Матка" на реката Треска. На околните планини и во работ на котлината се среќаваат неколку пештери, од кои најпознати се: Дона Дука, Врело, Кршталнa и други.



Скопскиот регион е познат и по реките што течат и се вливаат во главната македонска река Вардар. Станува збор за реките Треска, Лепенец, Патишка Река, Кадина Река и други помали. Реката Вардар е главна река и истата котлината ја поделува на два дела - источен и западен.




**Општини и населени места во град Скопје**

Во близина на градот Скопје се наоѓаат вештачките езера: Матка и Козјак. Друг важен хидрографски објект е изворот Рашче, од кој со вода за пиење се снабдува градот Скопје и околните населби. Во Скопски регион се наоѓа и бања, а тоа е Катлановска Бања.

Познати културно – историски споменици во Скопје се: Неолитска населба Маџари, Скупи, Скопско Кале, Римски аквадукт, Камен Мост, манастир Св. Пантелејмон – Нерези (1345 г.), манастир Св. Андреј (1389 г.) - Матка,

Марков манастир Св. Димитрија – с. Маркова Сушица, манастир Св. Никола – с. Шишево, црквите Св. Богородица, Св. Спас, Св. Димитрија, Св. Ѓорѓи, Соборна црква Св. Климент Охридски и други, Феудална Кула, џамиите Мустафа пашина џамија (1492 г.), Султан Муратова, Јахја пашина, Гази Иса бегова и други, Саат кула висока 40 метри (XVI в.), Даут Пашин амам, Чифте амам, Сули Ан, Куршумли Ан, Капан ан, Безистен и други.

Споменици и спомен обележја: „Милениумски крст" (2000 г.), Порта Македонија (2012 г.), „Војник на коњ" - Споменик со фонтана (2011 г.), Споменик на Филип II со фонтана, Споменик на Мајка Тереза, Споменик на ослободителите на Скопје, Споменик на Гоце Делчев, Скендер Бег, Даме Груев, Цар Самоил, Петар Карпош, Никола Карев, Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски, Методија Андонов Ченто, Христо Узунов, Крсте Петков Мисирков, Ѓорѓија Пулески, Ѓорче Петров, Гемиџии, Доситеј, Димитрија Чуповски, паднатите борци, Ослободители на Скопје и други.

Градот располага со следните музеи, спомен соби и национални културни установи: Археолошки музеј, Музеј на Македонската борба, Природно - научен музеј и Зоолошка градина, Етнолошки музеј, Археолошки музеј, Македонско етно село, Спомен куќа на Мајка Тереза, Музеј за Холокаустот, Музеј на град Скопје, Музеј на современа уметност, Македонски народен театар, Македонска опера и балет, Универзитетска библиотека, Универзална сала, неколку универзитети и уште десетина други национални установи.

Скопскиот регион сообраќајно е мошне добро поврзан. Имено, тука се среќаваат најважните сообраќајници од патната и железничкита мрежа, како и аеродромот „Александар Велики". Во Скопје има над 150 хотели, хостели, вили, апартмани, пансиони и др. Градот располага со голем број ресторани и кафеани, околу 200 туристички агенции, тематски ресторани, гостилници, ќебапчилници, пицерии, бурекџилници, слаткарници, пивници, кафе барови, клубови, дискотеки, игротеки и слично. Во изминатиот период, туризмот е идентификуван како еден од основните приоритети на градот Скопје. Генералните придобивки од туристичката гранка претставуваат значаен сегмет во целокупниот стопански и социјален развој на градот.










# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

# Методологија за изработа на стратегијата

Стратегијата за развој на туризмот во општина Гази Баба е значаен документ кој ги посочува потенцијалите и можностите за одржлив туристички развој на овој простор. Стратегијата има повеќе цели како приказ на природните и антропогените туристички вредности, услугите, активностите и видовите на туризам кои може да се развиваат. Методологијата на изработка на стратегијата произлегува од посочените цели. Чекорите кои беа преземни при изработката на стратегијата се следните: иницирање на соработка; одржани состаноци и потпишан меморандум за соработка помеѓу општина Гази Баба и универзитетот „Гоце Делчев", Штип; формирање на тимови, теренски истражувања и преглед на литература; организација на работилница со заинтересираните страни; пишување и презентација на стратегијата и усвојување на стратегијата.

**Дијаграм 1.** Чекори во изработка на стратегијата






При изработката на стратегијата се користени следните истражувачки методи и инструменти: анализа на содржината на европски и светски планови и стратегии за развој на туризмот; анализа на законската регулатива поврзана со туристичката и угостителска дејност; анализа на статистички извештаи поврзани со угостителството и туризмот; квалитативни истражувања (работилници и фокус групи); спроведување на неструктурирани интервјуа; креативно размислување; теренско истражување со фотографирање; кабинетска анализа на релевантна литература, библиографија и интернет извори; картографска анализа; 6А рамка за анализа на дестинацијата и др. Стратегијата е изработена согласно постоечката туристичка политика во нашата земја, консултирајќи ги соодветните планови, програми и стратегии, а како по значајни ќе ги издвоиме: Национална стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2016-2020; Национална стратегија за развој на руралниот туризам 2012-2017; Национална стратегија за развој на здравствен туризам на Република Македонија 2012-2018; Подстратегија за развој на спортски туризам со акционен план 2015 – 2018; Потстратегија за традиции и настани на Република Македонија; Подстратегија за развој на „MICE" (конгресен) туризам; Стратегија за туризам на град Скопје 2014-2018; Програма за развој на Скопски плански регион 2015 – 2019; Студија за мапирање на природното и културното наследство во Скопски плански регион; Стратегија за локален економски развој на општина Гази Баба 2013-2016; Подстратегија за рурален развој на општина Гази Баба и др.

Во чекорите на изработка на стратегијата земени се предвид интересите на заинтересираните страни, како:

- Локално население кое живее или работи во дестинацијата и обезбедува локални ресурси за посетителите;
- Бизнис заедница која е заинтересирана е за развој на туристичката дестинација бидејќи обезбедува туристички производи и услуги;
- Јавен сектор кој е заинтересиран за вработување, поттикнување на регионалниот развој и зголемување на вкупниот приход и има важна улога во развојот на туристичката дестинација;
- Останати учесници како невладини организации, асоцијации, инвеститори, занаетчии итн.;



- Посетители и туристи (постоечки и потенцијални) кои ги користат туристичките производи и услуги во дестинацијата.

Дефинициите кои се користат во стратегијата за одредени термини поврзани со туризмот и туристите се следните:

- Домашен турист е лице со постојано место на живеење во Република Македонија кое привремено престојува во друго место надвор од местото на своето постојано живеење и преноќева најмалку една ноќ во угостителски или друг објект за сместување на туристи;
- Странски турист е лице со постојано место на живеење надвор од Република Македонија кое привремено престојува во Република Македонија и преноќува најмалку една ноќ во угостителски или друг објект за сместување на туристи;
- Посетител е лице кои се задржува во дестинацијата која не е негово постојано место на живеење во временски интервал од неколку часа без да оствари ноќевање;
- Туристичка дестинација е географска област во која постојат сите елементи кои се релевантни за еден одмор (пејсаж, флора, фауна, климатски услови, атракции, објекти за сместување, објекти за забава) и
- Туристичка атракција е место на интерес кое туристите го посетуваат типично поради неговата културна вредност, историско значење, природна или изградена убавина или можности за забава.

# Важноста на туризмот за општина Гази Баба

Туризмот денес претставува своевиден феномен, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст на глобално ниво. Не постои земја во светот која не развива некаков вид на туризам или држава каде граѓаните не се вклучени во туристичко патување и движење надвор од своето постојано место на живеење. Вклучувањето на туристите во патувања е поради различни причини како бизнис, задоволство, религија, спорт и рекреација или други причини. Големата улога која ја има туризмот, како од аспект на културниот просперитет, така и поради економскиот бенефит за дестинациите ќе го поткрепиме со податоците кои ги дава Светската туристичка организација при Обединетите Нации: доаѓањата на туристи во 2015 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1.186 милиони; туристичката потрошувачка изнесувала 1.260 милијарди американски долари; туристичката индустрија учествувала со 10% во глобалниот бруто домашен производ и секој единаесетти вработен човек во светот, е вработен во овој сектор. Податоците со кои располагаме ни укажуваат на тенденција на постојан пораст на патувањата и туризмот во изминатите 60 години, а предвидувањата се движат во насока на продолжување на оваа тенденција и во иднина. Од континентите во светот Европа ја има примарната улога со околу 50% учество во туристичкиот промет, како со испраќање така и со прифаќање на туристи.

Република Македонија како дел Европското семејство ја следи оваа тенденција на пораст на меѓународниот туризам, а како потврда на ова ги земаме предвид податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија поврзани со туризмот кои ни укажуваат на следното:

**Графикон 1.** Број на странски туристи кои ја посетиле Република Македонија 2005-2015 година



Бројот на странски туристи кои ја посетиле Република Македонија во последниот десетгодишен период (2005-2015) во континуитет бележи пораст и за овој период е порастнат за 146,2%. Бројот на странските туристи во земјата во 2005 год. изнесувал 197216, а во 2015 год. 485530.

Во истиот десетгодишен период се бележи и зголемување на бројот на остварените ноќевања на странските туристи од 134%. Бројот на остварените ноќевања од страна на странските туристи во земјата во 2005 год. изнесувал 442988, а во 2015 год. 1036383.

**Графикон 2.** Остварени ноќевања од странски туристи во Република Македонија 2005-2015 година




Во Република Македонија, главните дестинации кои привлекуваат туристи се езерата, планински ресорти, бањските центри, винските региони и градот Скопје. Статистичките податоци за туризмот во Скопскиот регион каде спаѓа општината Гази Баба се следните:

**Графикон 3.** Број на странски и домашни туристи кои го посетиле Скопскиот регион 2010-1015




**Графикон 4.** Остварени ноќевања од странски и домашни туристи во Скопскиот регион 2010-2015




Графиконите 3 и 4, покажуваат константен број на посети и остварени ноќевања од страна на домашните туристи и постојан пораст на бројот на странски туристи во периодот 2010-2015 година.

Доколку го земеме предвид спроведеното анкетирање на странските туристи, од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија би можеле да го направиме следниот профил на странските туристи:

- Остваруваат по 3,32 ноќевања;
- Просечниот трошок за ноќевање изнесува 3.955 денари;
- Целта на престојот се деловните обврски, а на второ место одморот и рекреацијата;
- Поголемиот дел индивидуално го организираат своето патување;
- Во земјава најчесто пристигнуваат со автомобил или редовен авионски лет;
- Од исхраната во објектите за престој најчесто користат само појадок;
- Претходно престојувале повеќе пати во нашата земја;
- Престојот во најголемиот дел го остваруваат во друштво на членови од семејството;
- По професија се занаетчии и сродни работници;
- Плаќањето го вршат во готово или преку картичка;
- Конфорот на сместувањето го оценуваат како многу добар;
- Ресторанитe и услужниот персонал го оценуваат како многу добар;
- Можноста за организирање конференции исто така многу добра.

Топ рангираните места на „Trip Advisor" кои се лоцирани во Скопје се следните: Езерото Матка, планината Водно, манастирот Св. Пантелејмон, Старата Чаршија, Камениот Мост, Плоштадот Македонија, Милениумскиот Крст, Црквата Св. Спас, Меморијалната куќа на Мајка Тереза, Соборниот Храм Св. Климент Охридски, Музејот на Македонската Броба, џамијата Мустафа Паша и Националниот Археолошки Музеј.



## Трендови на туристичкиот пазар

Стратегијата за туризам на општина Гази Баба има за цел да ги инкорпорира во себе актуелните потреби и современите трендови на туристичкиот пазар во светот, а истите се прикажани преку реално остварливи решенија кои ги земаат предвид потенцијалите и можностите на општината. Глобалните трендовите кои се предвидува дека ќе имаат големо значење во идниот развој на туризмот се следните:

Сите аспекти поврзани со здравјето (фитнес, спа, физички активности и др.) во блиската иднина ќе добијат дополнително значење. Иако зголеменатa свест за здравјето нема да влијае на обемот на побарувачка, тоа секако ќе влијае на донесувањето на одлуки во врска со дестинациите и однесувањето и активностите за време на одморите. Во овој сегмент карактеристичен е пораст на конкуренцијата, со влужувања на приватен капитал во надградување на старите здравствено бански објекти и рекреативни спа центри.

Современото општество го зголемува притисокот врз секојдневниот живот на луѓето, и ја поттикнува желбата за повеќе слободно време за одмор и релаксација - што ќе има негативен ефект врз зголемувањето на слободните приходи. За туризмот, овој тренд по дефиниција е неповолен.

Пософистицираните потрошувачи се се' повеќе самоуверени во однос на своите потреби и права. За туризмот, ова резултира во се' поголем критички став кон квалитетот и соодносот цена-квалитет.

Користењето на интернет за да се купат и да се споредат туристички производи и услуги постојано ќе се зголемува. Како резултат на тоа, потрошувачот ќе преземе се поголема контрола. Ќе се направат нови системи за електронска наплата, безбедни кредитни картички, е-новчаник и сл. Овие достигнувања ќе направат трансферот на пари да биде полесен и да се надмине загриженоста во врска со прекумерна наплата на пренос, девизниот курс и безбедноста на движењето на парите преку интернет.

Во иднина луѓето ќе живеат подолго, а со тоа повозрасните старосни групи ќе се зголемат. Овие „здрави“ сениори ќе имаат многу слободно време. Но исто така, младинскиот сегмент (16-35 години), на кој отпаѓа повеќе од 20% од глобалниот туризам е важна целна група за во иднина.

Климатските промени влијаат па дури и се закануваат на одредени туристички дестинации кои се зависни од нивната природна средина. Намалувањето на глечерите во Европа е само еден доказ за глобалното затоплување. Сепак за реалните ефекти од климатските промени сеуште постојат соменжи.

Глобалната економија и понатаму ќе расте. БРИК економиите, Бразил, Русија, Индија и Кина најверојатно ќе бидат најбрзо растечките нации. Глобалната трговија со потрошувачки стоки и услуги и понатаму ќе расте. Услугите (вклучително и туризмот) ќе добијат на значење во светската економија.

Трошоците за социјални, здравствени, образование, пензии и други услуги во иднина ќе растат што ќе ги принуди владите да ги зголемат даноците. Загриженоста за прашањата во врска со безбедноста, здравството и имиграција ќе доведе до поголема контрола на патувањета од страна на владите.

Терористичките напади врз туристите и туристичките дестинации доведе до поголемо чувство на несигурност. Медиумите дополнителнио влијаат кон зголемување на стравот од овие закани. Исто така, природните катастрофи, кои се чини дека се појавуваат почесто отколку во минатото штетат на туризмот. Сепак, докажано е дека опсегот на внимание на потрошувачите е релативно мал, а тоа е и така затоа што луѓето знаат дека не можат да сторат ништо во врска со тоа.

Во иднина се очекува да има помалку разлики во дестинациите. Се повеќе ќе исчезнуваат уникатни места. Во минатото, патувањето било луксуз, но денес е нормален дел од животот. Се зголемува бројот на одмори во последен момент и кратки патувања. Слободата да се патува ќе се прошири кон трендот на постари родители и пораст на семејства со еден родител. Нови групи заедници кои имаат заеднички интереси забрзано



стануваат главен извор на ориентациско знаење, забава и безбедност. Во странските држави се забележува повисока побарувачка на производи за добро состојба, здравје и фитнес, справување со стрес како и медицински услуги.

Потрошувачите бараат совети од други корисници преку интернет. Квалификуваните потрошувачи е веројатно да знаат повеќе за специфични производи отколку експертите за патувања. Исто така ќе има растечки инвестиции во интернет стратегиите за промоција и во нови техники на истражување. Дополнително јавните приватни партнерства стануваат поважни за туристичкиот маркетинг, бидејќи владите се обидуваат да се зголеми инволвирањето на акционерите и маркетинг буџетите.

Автомобилите се средство за превоз во 70% од сите туристички патувања и ќе останат најважното превозно средство. Ниската достапност до градските центри и евтиниот авио превоз имаат негативно влијание на патувањето со автобуси. Исто така, порастот на авио патувањата би можел да се намали поради трошоците за гориво, безбедност и аеродромски такси. Владите инвестираат повеќе пари во патувањата со железница, посебно со експресните линии.

## Визија за туризмот во општина Гази Баба

При креирањето на управувачките документи, составен дел од стратегиите е поставувањето на визија и мисија како основа за понатамошен развој.

Визијата на стратегијата за развој на туризмот е „Општина Гази Баба е модерна, препознатлива и посакувана туристичка дестинација од страна на домашни и странски туристи и посетители во текот на целата година со богата понуда на туристички атракции“. Мисијата на оваа стратегија е следната „Зголемување на економските бенефити на територијата на општината кои произлегуваат од туризмот“.



# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Основни податоци за општина Гази Баба

## • Историски развој на општина Гази Баба

Територијата на општина Гази Баба отсекогаш била привлечно место за живеење уште од најстари времиња. Добрата географска положба, извонредните можности за развој на земјоделството и сточарството како и добрата сообраќајна поврзаност со сите патни правци кои воделе низ Македонија, биле магнет за повеќе познати и непознати племиња и народи кои тука се населувале и живееле на подолг или пократок временски период. Историјата бележи, дека на територијата на Општината првите човечки населби се многу стари и датираат уште од пред околу 3000 до 4000 години пр.н.е. Најпознат археолошки локалитет од тоа време, кој истовремено е и еден од најстарите во Македонија и на Балканот е Тумба во Маџари населба од неолитското време.

Периодот на средниот век се карактеризира со брзи и многубројни политички настани кои ја промениле политичката реалност низ цела Македонија. Тоа е време кога Римската Империја е заменета со новоиздигнатата Византиска Империја и населувањата на Словените. Бидејќи никој не им се спротиставил на територијата на денешната општина ги разурнале сите тогашни населби а населението било убиено, ограбено или заробено. Во 518 година населбата ја погодил земјотрес при што тогашно Скупи било разурнато. Од византиските извори се дознава дека територијата на Македонија била населена од Драговитите, Сагудатите, Велегизитите, Вајунитите, Берзитите и други племиња. По стабилизирање на состојбата претходно избеганото античко македонско население и тогашно романизираното населени се враќа во живеалиштата и почнува да се меша со новодојденото словенско население.

Територијата на општина Гази Баба и целата Скопска област била населена од словенското племе Берзити и влегува во состав на склавинијата Берзитија и останува до 9-ти век.



Оваа склавинија е една од најголемите на територијата на Македонија и живеела слободен живот цели два века се до потпаѓање под Бугарска власт од 855-969 година. Потоа територијата на општината е вклучена во составот на новоформираната Самоилова држава се до 1018 година кога потпаѓа повторно под византиска власт.

Втората половина од 15-ти век е период на општа турска инвазија на Балканот. Добро организираната и војнички оспособена турска војска на 19-ти јануари 1392 година го превзема Градот Скопје и сегашната територија на општина Гази Баба. Набргу потоа за полесно владеење со новоосвоените територии Турците прават административно територијална поделба. Територијата на Општина Гази Баба е вклучена во Скопскот санџак. Во склоп на Скопскиот Санџак е формирана и посебна Скопска нахија. Врз основа на документацијата може да се каже дека основна стопанска дејност на територијата на општина Гази Баба била земјоделството. Најмногу се сееле житата, пченицата, ржта, јачменот но и грозјето, бостанот, оревите, јаболката итн. Се одгледувала стока и тоа ситен рогат добиток (овци и кози), а христијанските домаќинства одгледувале и свињи. Крупниот добиток е користен за вршење на полските работи и како транспортно средство.

Името на денешната Општина потекнува од периодот на турското владеење и е поврзано со турбето - гробницата на Гази Баба и топонимите од гази – војник и баба – татко, односно Ашик Челеби, истакната личност од културната историја на Турција од 16-ти век. На просторот каде се наоѓало турбето, односно изиданата гробница на Гази Баба, претходно, а и потоа, се наоѓале христијански гробишта. Подоцна и муслиманите започнале на ова места да ги погребуваат своите покојници, а поради турбето на Гази Баба, ова место станало свето за Турците муслимани. Во турбето, бил погребан еден од првите османлиски литерати, поетот Ашик Челеби, на кого вистинското име му било Мехмед Али ел-Ната. Инаку, остатоците на турбето на Гази Баба и денес се наоѓаат на самиот врв од ридот Гази Баба. Најзначаен настан со кој се менуваат политичките и економски прилики во сите места на територијата на општинаГази Баба е Австро-турската војна (1683-1699).



**Плоштадот во Автокоманд**

Иако територијата на општината не била директно зафатена во воените дејства за време на Балканските војни низ неа поминувала војска од седмиот корпус на Турската вардарска армија чиј штаб се наоѓал во Скопје. Административно, територијата на општина Гази Баба била вклучена во Скопскиот округ во чиј состав влегувале Скопската, Велешката и Качаничката околија. Потоа е направена нова територијална поделба. На територијата на општина Гази Баба биле формирани три општини Асанбеговска со селата Асанбегово, Инџиково, Маџари, Стајковци со Рукомија и Трубарево. Втората била Брнарска со Брнарце, Арачиново, Бара, Мојанце, Орланџи, Страчинџе и третата била булачанска со местата Булачани, раштак, Црешево, Бутел со Чифлик и Бутел. Главно занимање на населението било козарството. По завршување на Втората балканска војна почнува Првата светска војна, територијата на денешната општина Гази Баба не била директно зафатена со борбени дејства. Периодот помеѓу двете светски војни е карактеристичен и единствен за општина Гази Баба. Во овој период општината станува еден од центрите на

почетниот развој на индустријата која продолжила да се развива и во наредните години. На местото познато како Ќерамидница за време на турското владеење се доселувало население кое се занимавало со производство на тули и ќерамиди. Но тоа се интензивирало по 1918 година кога се согледал квалитетот на земјата за изработка на тули и ќерамиди па на ова место е изградена и првата фурна за печење на тули и ќерамиди. Поради големата побарувачка во 1939 година во с. Маџари се отворила уште една фабрика за тули и ќерамиди под името Рекорд. Во периодот од 1918 – 1941 на територијатана денешна Општина гази Баба подигнати биле повеќе стопански објекти. Во 1924 година покрај железничката пруга Ниш – Скопје е подигната и парната пиварница во која на почетокот имала околу 70 вработени, а произведувала околу 15 хектолитри пиво годишно. Покрај индустријализација внимание се обрнува и на образованието, па така на територијата имало вкупно седум основни училишта.

Од современата историја на општина Гази Баба за одбележување е повторното нејзино формирање на 3 ноември 1976 година, со што станува конститутивна организациона единица на градот Скопје. Од тогаш тој ден претставува патронен празник на општината. Со осамостојувањето на Република Македонија, општина Гази Баба станува дел од главниот град на Републиката и негова комуникациска и сообраќајна порта.

Денеска, општина Гази Баба претставува современа административна единица на локалната самоуправа со 100 вработени, сертифицирана за систем за управување што ги исполнува барањата на стандардот ISO 9001:2008 и активно учествува во национални и меѓуародни развојни проекти. Општината е составена од 10 сектори со свои одделенија и посебно одделение за човечки ресурси. Секторите преку кои се управува општината од страна на градоначалникот се следните: Сектор за поддршка на градоначалникот; Сектор за правни и општи работи; Сектор за јавни дејности; Сектор за финансиски прашања; Сектор за урбанизам и градежно земјиште; Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност; Сектор за заштита на животна средина и природа; Сектор за локален економски развој и информациско - комуникациски развој; Сектор за инспекциски работи – инспекторат и Сектор за внатрешна ревизија.




**Органограм на општина Гази Баба**

## ВЕБ ПОРТАЛ

Општина Гази Баба раководи со официјална веб страна каде се истакнуваат сите поважни информации поврзани со работењето на општината и кои се од интерес на граѓаните, бизнис заедницата, идните инвеститори, посетители и други заинтересирани страни (http://www.gazibaba.gov.mk/).

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

На нејзината територија стопанисуваат 5.066 компании кои се занимаваат со следните дејности: Земјоделство, шумарство и рибарство (32); Рударство и вадење на камен (8); Преработувачка индустрија (320); Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (16); Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (18); Градежништво (178); Трговија на големо и трговија на мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли (946); Транспорт и складирање (335); Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (91); Информации и комуникации (66); Финансиски дејност и дејности на осигурување (10); Дејности во врска со недвижен

имот (35); Стручни, научни и технички дејности (137); Административни и помошни услужни дејности (62); Јавна управа и одбрана; Задолжително социјално осигурување (0); Образование (18); Дејности на здравствена и социјална заштита (76); Уметност, забава и рекреација (14); Други услужни дејности (68).

## • Географска местоположба и климата

Општина Гази Баба се наоѓа на 41° 42'  до 42°11' географска ширина и 18°45' до 19°29'30'' географска должина. На надморска височина од 173 метри и зафаќа површина од 92 км². Општината граничи со општините Петровец, Аеродром и Студеничани на југ, Центар, Чаир и Бутел на запад, Липково на северо-исток и Арачиново и Илинден на исток. Општината е сместена во Скопската котлина, а делови од неа ги зафаќаат падините на планината Скопска Црна Гора. Низ општината минува реката Вардар, а во територијата на општината спаѓа и Смилковското вештачко езеро.

Климатските услови на територијата на општината се поволни за развојот на туризмот. Климатските карактеристики се следните: средна годишна температура 12,5°C; минимална температура -22,9°C; максимална летна температура 42,4°C; просечен број на денови со снежна покривка 25; просечен број облачни денови 105,5; ведри денови 69 и денови кога се јавува магла 72.




**Локација на општина Гази Баба во град Скопје**



# • Демографски податоци

На територијата на општина Гази Баба живеат 72.617 жители (согласно пописот на население од 2002 година) од кои 73,67% се Македонци, 17,21% се Албанци, 2,88% се Срби, 2,86 % Роми, 0,97 % Бошњаци, 0,83% Турци, 0,32% Власи и останати 1,22%. Густината на населението е 785/$km^2$. Старосната структура на населението е следната: до 20 години 31,3%, помлади од 40 години 62,6%, стари 60 и повеќе години 10,3%. Половата структура е распределена на следниот начин: мажи 50,1% и жени 49,9%.

Населени места во општината се следните: Брњарци, Булачани, Гоце Делчев, Идризово, Инџиково, Јурумлери,Раштак, Сингелиќ, Гази Баба, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Трубарево и Црешево.

# • Социјални аспекти

## ОБРАЗОВАНИЕ

На територијата на општина Гази Баба се наоѓаат следните образовни институции:

- Пет средни училишта: „АСУЦ Боро Петрушевски", „СЕТУ Михајло Пупин", „СУ Панче Арсовски", „ДУЦОР Партенија Зографски" и „ДСУ Никола Тесла".
- Приватно средно училиште „Јахја Кемал".
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со Природно-математичкиот факулет, Земјоделски факултет, Хемиски факултет, Информатички факултет, Шумарски факултет и Ветеринарниот факултет.
- Универзитетот „Гоце Делчев" со Факултет за туризам и бизнис логистика, Економски факултет, Правен факултет, Факултет за информатика и Факултет за природни и технички науки.
- Приватните универзитети „ФОН" и „Евро-Балкан".
- Студентските домови „Стив Наумов" и „Томе Стефановски-Сениќ".
- Две градинки со 11 клонови за згрижување на децата од предучилишна возраст.
- 11 основни училишта.



## СТРУЧНО ОБУЧУВАЊЕ

Општината организира и бесплатни обуки за знаења и вештини за млади невработени лица. Обуките се спроведуваат преку проектот „Вештини за успех" во соработка со „Пивара" АД Скопје и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Планирано е во наредните пет години бројката на обучени лица да се зголеми на 5.400 лица.

На обуките се унапредуваат комуникациските вештини, се стекнат знаења од деловното и финасиско работење, водење развојни планови и проекти, продажба и организација. Предавачи на обуките се менаџери од „Пивара" АД Скопје и други компании, јавни институции и меѓународни органицации.

## ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ

Општина Гази Баба е збратимена со Општина Искар – Република Бугарија, Општина Велење – Република Словенија, Општина Јагодина – Република Србија, Општина Вождовац – Република Србија и Општина Ускудар – Република Турција.

# • Пристапност на општината Гази Баба

Општината има одлична пристапност и тоа преку автопат А2 од Република Србија, преку Е871 од Република Бугарија, преку Е75 и Автопат Александар Македонски од Грција, преку Е852 и Е65 од република Албанија. Таа е комуникациска и транспортна порта на Скопје, низ неа поминуваат многу транспортни коридори како и 10 километри од обиколницата околу градот.



**Поглед на општина Гази Баба**

До Аеродромот Александар Велики во Скопје се стигнува за 20-ина минути преку автопат А4, до железничката и меѓуградската автобуска станица во Скопје за 15-ина минути со автомобил, а има и редовна автобуска линија. Општина Гази Баба на својата територија ја има и најголемата компанија за превоз на патници т.е. Јавното сообраќајно претпријатие Скопје (ЈСП). Ова претпријатие е најголем превозник на патници во Скопје и има јасно дефинирана дејност од посебен општествен интерес. Покрај превозот на патници низ Скопје и околните места со градски и приградски линии, ЈСП Скопје ја стопанисува жичницата и превозот до неа, организира панорамски разгледувања на градот со панорамски автобуси. Па така за поврзување на општина Гази Баба со останатите делови од Скопје сообраќаат неколку редовни автобуски линии од 5 часот изутрина до 23 часот навечер и ноќните линии од 00-04 часот наутро.



**Кружен тек во Автокоманда**



# ПРИРОДНИ И АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Природни и антропогени туристички вредности во општина Гази Баба

## • Природни туристички вредности

### ПАРК ШУМА

Парк шумата на локалитетот Гази Баба е посебен феномен бидејќи ретко се наоѓа толку голема површина под шума во средиште на урбана средина како Скопје. Иако е вештачки подигната култура од формирањето до денес таа е вистинска биоценоза и целосно оформен биотоп во центарот на градското подрачје. Поради нејзиното значење со Одлука од Градот Скопје парк шумата на општина Гази Баба е заштитена како карактеристичен пејсаж и како такво е под ингеренции на Град Скопје, а со него стопанисува ЈП за паркови и зеленило. Оформена е во 50-тите години од минатиот век со единствена намена за санитарно хигиенска заштита од емисиите од поранешната Железарница и спречување да се рашират кон внатрешноста на градот. Со развој на градот таа сега се наоѓа во неговиот центар а нејзината функциија е надополнета со културно воспитна и туристичко рекреативна функција.

Вкупна површина на парк шумата е 102,44 хектари. Во неа се засадени голем број разновидни лисјарски и четинарски видови дрвја и грмушки, а како најраспространети ги среќаваме црниот бор, јасенот и дабот.



**Парк шума**

Во 2008 година се промовирани патеки со вкупна должина од 13 km, кои можат да се користат за велосипедизам, крос кантри трчање, пешачење а во зимски услови и за нордиско скијање а се работи и на уредување на просторот и изградба на павиљони и поставување на урбана опрема.



## ЛОКАЛИТЕТИ

На територијата на општината има два локалитети Острово и Езерце. Локалитетот Острово поседува значајни едукативни вредности и поради тоа во 1976 година е прогласен за заштитено подрачје во категорија споменик на природата. Локалитетот Езерце се одликува со значајни еколошки, едукативни и рекреативни вредности и во 1994 година заедно со Арборетум е прогласен за заштитено подрачје во категорија споменик на природата. Покрај локалитетите, во општината има и Дендро – парк Арборетум кој е оформен во 1953 година од страна на Земјоделско – шумарскиот факултет во Скопје и служи за еколошки набљудувања, научни истражувања на шумско опитната станица и за настава на студентите при Шумарскот факултет.

## РЕКАТА ВАРДАР

Вардар е најголемата река во Република Македонија со должина од 388 km и нејзиниот речен слив опфаќа површина од приближно 25.000 km². Долината и течението на реката Вардар претставуваат многу важен предел за Македонија, од економско-стопански, сообраќаен и воено-стратешки аспект. Во минатото по реката Вардар се одвивала трговија и по воден пат со сплавови и чунови („гемии“), најчесто на потегот од Велес до Солун. Денес реката не е пловна, иако има некои идеи таа повторно да се направи пловна. Во денешни услови, покрај реката се изградени патеки за спортување, рекреација и пешачење, нуди можност за риболов и претставува важен мотив за туристичка посета.

## ПЛАНИНАТА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Скопска Црна Гора е средновисока планина во северна Македонија. Се издига помеѓу Скопската Котлина од југ, Кумановската Котлина од исток, Гниланската од север (во Косово) и долината на река Лепенец од запад. Планината се протега во правец Југозапад-Североисток, со највисок врв Рамно (1.651 m). Останати повисоки врвови се Соколовец и Душановец. Со долината на Липковска Река поделена е на два дела: западен и источен познат под името Карадаг. На Скопска Црна Гора се наоѓаат извориштa на поголем број речни текови. Целиот крај околу планината е многу богат со цркви и манастири. Од територијалниот дел кој припаѓа на општината постојат неколку рекреативни патеки кој ја збогатуваат туристичката понуда.

Во подножјето на планината и во близина на с.Смилковци е сместено вештачкото Смилковско езеро кое нуди можност за рекреација, риболов, прошетки и др.



**Смилковско езеро**

## БОТАНИЧКА ГРАДИНА

Во дворот на Хемискиот факултет лоцирана е единствената Ботаничка градина во Република Македонија. Започува со работа во 1948-та година во Градскиот парк, а пет години подоцна е преместена на денешната локација. Во 1999 година со помош на Министерството за животна средина е направена нова градина со три стакленици и отворен простор со површина од шест хектари се одгледуваат приближно 2.500 видови растенија од сите климатски подрачја. Има секвоја од Америка, Кавкавски орев, Киви, Билоба дрво, Бамбусова трска, збирка кактуси и др. Ботаничката градина може да ја посети секој заинтересиран граѓанин и турист. Влегува во состав на Институтот за биологија при Природно математичкиот факултет во Скопје кој подоцна се трансформира во самостоен Биолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

# • Антропогени туристички вредности

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

Археолошките локалитети на територијата на Општина Гази Баба потекнуваат од праисторијата и антиката. Се наоѓаат на целата територија на Општината и претставуват редок материјален доказ за духовната и материјалната култура на луѓето кои живееле тука пред два милениума.

Најпознат археолошки локалитет од тоа време кои е и еден од најстарите во Македонија и на Балканот е Тумба во Маџари – населба од неолитското време. Локалитетот се наоѓа помеѓу современите населби Маџари и Ченто околу 700 метри од левата страна на автопатот Скопје – Куманово – Велес.

Тоа е мала височинка – тумба со пречник во основа од 220 метри и висина 3 метри. Во годините до земјотресот во 1963 година е користена за земјоделски потреби и била лесно впечатлива и доминантна. Подоцна со изградба на модерните населби и некотролираното подигање на дивоградби околу неа и врз неа бил создаден амбиент во кој тумбата не се забележувала. Со археолошките ископувањеа констатирано е дека се работи за остатоци од повеќеслојна населба со слој од 3 метри кои се разграничуваат три хоризонти на живеење од времето на средниот неолит и културно и припаѓа на групата Анзабегово – Вршник. Истражен е простор од 1.400 m² во кои се откриени урнатини и основи од 7 објекти од кои 6 се живеалишта, а еден светилиште. Во секој објект најдени се остатоци од огништа и голем број предмети од материјалната култура. Најзастапени се керамичките садови со декоративни мотиви. Покрај керамиката откриена е и култна пластика.










Големата мајка божица која е заштитничка на плодноста е претставена на начин што е непознат меѓу неолитските култури на балканските простори. Големата мајка божица е претставена како матрона на храмот како заштитничка на домот и семејството, мајка хранителка. Претставена е во керамички модел во вид на куќа оформена во вид на женска фигура те заштитничка на домот и семејството.



**Тумба Маџари**





Друга неолитска населба се наоѓала во близина на с. Брњарци. И оваа населба е заведена како тумба со истите карактеристики како тумба Маџари. Се наоѓа на 1 km, од селото. Големината сеуште не и е утврдена но се ископани околу 0,50 ха, и пронајдени се фрагменти од керамички садови, кремени, камени орудија и др.

Уште еден археолошки неолитски локалитет е локалитетот лоциран во близина на клучката кај Хиподором и е некропола од доцнобронзеното време која продолжува да егзистира како населба во средниот век. Откриени биле 11 гробови – урни и остатоци од средновековна населба.

Следна неолитска населба е Тумба – Круша, населба од римско и неолитско време се наоѓа помеѓу селата Стајковци и Сингелиќ. Површински се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени орудија но и фрагменти од римска керамика.

Објект во кој имало организирано живеење е локалитетот Кула кој се наоѓа во близина на с. Булачани. Тука сеуште можат да се видат зидови од камен и варов малтер. Објектот потекнува од 6-7 век пред нашата ера имал функција на руднички кастел.

Во близина на Тумба Маџари во римско време постоела и уште една населба која е од стратешко значење за околината на тогашно Скупи. Во археологијата овој локалитет е познат како Ограда. Темелите на објектите се видливи на теренот.

Како доказ за живот на територијата е уште една населба која се наоѓа на локалитетот Чифлик, 300 метри јужно од селото Раштак.

На археолошкиот локалитет Камник, во 1970 година е откриена поголема некропола ( гробница) од римско време. Во неа биле откриени 7 гроба, 4 со инхумирани и три со кремирани покојници. Друга откриена некропола е гробницата од 4-от век во просторот помеѓу Гази Баба, Камник, Кумановски пат и патот за село Црешево.

Во близина на селото Стајковци постоела населба од римско време која била подигната на темелите на населба од неолитско време.



## ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ

На територијата на општината се наоѓаат неколку споменици:

- Споменик на Методија Андонов Ченто - поставен во паркот на населбата Ченто, која го носи неговото име.
- Споменик на Јосип Броз Тито – поставен во дворот на Металскиот завод Тито.
- Спомен биста на Григор Прличев – поставена во дворот на ОУ Григор Прличев во н. Железара.
- Спомен биста на Стеван Наумов – Стив – спомен биста на народниот херој има на две места и тоа една во дворот на ОУ Стив Наумо во Автокоманда и втората е во дворот на Студентскиот дом кој што исто така го носи неговото име во н. Автокоманда.
- Спомен биста на Оливера Јоциќ – Вера – поставена во н. Маџари во основно училиште кое го носи нејзиното име.
- Спомен биста на Елисие Поповски Марко – поставена во дворот на Полициската академија која го носи неговот име во Идризово.
- Спомен биста на Наум Наумовски Борче – поставена во основно училиште кое го носи неговото име во населба Маџари.
- Спомен на загинатите борци во НОВ во Маџари – поставен на фасада на зградата на ОУ Наум Наумовски Борче.
- Спомен од НОВ на куќата во која живеел и работел Алија Авдовиќ во Сингелиќ.
- Спомен од НОВ на куќата во која живеела и работела Оливера Јоциќ.
- Спомен на загинатите борци од НОВ од с. Црешево – во селото постојат два белега и тоа едниот е поставен на училишната зграда во селото во 1951 година а вториот на истата зграда во 1971 година.

## РЕЛИГИОЗНИ ОБЈЕКТИ

На територијата на општина Гази Баба се наоѓаат следните религиозни објекти:

### Цркви и манастири

#### Црква Св. Спас - с. Раштак

На местото на денешната црква Св. Спас претходно постоел стар верски црковен објект. Постоечката мала разурната црква била обновена во 1861 година, иконостасот бил завршен во 1866, а во 1928 била поставена камбанаријата. Особено внимание привлекува иконостасот со светата маченица Злата Мегленска со народна носија. Во црквата се наоѓала и стара црковна книга печатена во Венеција во 1537 година, а од 1992 година се чува во народната бибилиотека во Скопје.

#### Црква Св. Ѓорѓи Победоносец - с. Трубарево

Оваа црква е нова градба, а е осветена во 1982 година. На тоа место уште во турско време постоел крст каде населението се собирало за време на верскиот празник Ѓурѓовден и за да се овековечи ова свето место подигната е црква. Обновена е и декорирана со фрески и икони, а во поново време е изградена и црковна камбанарија.



**Црква Св. Ѓорѓи Победоносец – с. Трубарево**



### Црква Св. Кирил и Методиј - с. Сингелиќ

Црквата е новоградба, темелите и се поставени во 1973 година, а осветена е во 1975 година. На ова место во 1938 година бил поставен крст од исклесан камен. Местото има големо значење за одбележување и прослава на верскиот празник посветен на св. Ѓорѓи – Ѓурѓовден.

### Црква Воведение на Пресвета Богородица – Пречиста  - с. Идризово

На местото каде се наоѓа црквата порано имало крст од исклесан камен. Иако не се знае кога точно бил поставен крстот, населението на истото место ја прославувало селската слава во чест на св. Јован

### Црква св. Спас - Маџари

Црквата била изградена во 1925 година на место на стар руиниран црковен објект кој бил изграден на примитивен начин од плот и кал. Целосна обнова на црквата е направена во 1992 година, кога е поставен темел на сегашната црква по иницијатива на месното население. Црквата е сеуште во фаза на изградба.



**Црква Св. Спас  – Маџари**

Црква Св. Спас - с. Црешево

Изградена е околу 1850 година, во билизна се наоѓало и старо црквиче посветено на Св. Јован и најстарите гробишта на месното население. Оваа црква е меѓу најстарите во овој реон, има богата орнаментика особено фреските и иконите кои потекнуваат од 1853 и 1858 година, заради кои се вбројува во верски објекти од национално значење.

Црква Св. Јован Крстител - с. Булачани

Црквата е изградена на црквено земјиште каде месното население се собирало по повод селската слава посветена на Св. Јован. Стариот и декориран иконостас и повеќето стари фрески и икони кои потекнуваат од 1861 година се карактеристични за оваа црква.

Црква Св.Великомаченица Недела - с. Смилковци

Оваа црква е изградена на црковно земјиште. Започнала да се гради во 1989 година, а осветена е во 1994 година од тогашниот архиепископ г.г. Михаил.

Црква Св. Петар и Павле - с. Брњарци

Црквата е изградена на место каде постоел стар камен крст и самата црква била изградена од камен. Во 1999 година започнало реновирањето на црквата, било завршено во 2002 година, а во тек е изработка на иконостасот и цртањето на фреските.

Црква Св. Архангел Михаил - Автокоманда

Зад Земјоделскиот факултет се наоѓа црквата „Св. Архангел Михаил“ или „Храм на славата“. Сегашната црква е подигната на темели од постара црква во 1927 година. Две години подоцна е донесена одлука за изградба на голема спомен црква со костурница. Проектант бил Хоменко Константин. Црквата зафаќа површина од 250 $m^2$. Сликањето го направиле руски сликари Иван Дики, Иван Шевцов, Борис Обраснов и барон Никола Мајердорф. Црквата има квадратна основа со впишан крст и централна купола. Поради костурницата која е сместена во подрумскот дел црквата е подигната околу еден метар над земјата. Во костурницата се влегува низ широки скали од левата страна на наосот. Во 2006 година е реновиран внатрешниот дел на црквата. Најкарактеристичен е мермерниот иконостас кој е поставен уште кога се градела црквата. Ваквиот иконостас е многу скап и тежок за обработка но и многу редок во македонските цркви. Специфичен е и релјефот на Св. Архангел кој е поставен на надворешниот горен дел веднаш над влезната врата во црквата. Во склоп на црквата се наоѓа и црковен параклис посветен на „Покров на пресвета Богородица“ каде што според верувањата извира света и чудотворна вода. Во 1995 година изградена е и мала крстилница која е посветена на „Светите бессребреници и чудотворци Кузман и Дамјан“.





**Црква Св. Архангел Михаил**

Во склоп на црквата се наоѓаат и англиските воени гробишта од Првата светска војна. Во нив се погребани англиски војници кои загинале во Првата Светска Војна при пробив на Солунскиот фронт. На плочата пишува „Нивните имиња ќе живеат засекогаш“. Во Скопје се погребани 124 војници на комонвелтот. Идентификувани се 118 војници а останатите шест се неидентификувани и им се оддава почит на шестте војници кои биле погребани на Германските гробишта и чии гробови никогаш не биле најдени.

Манастирот Св. Илија е изграден околу 1900 година на височинка во долна Маала. Претходно на истото место бил поставен исклесан крст од камен како симбол на христијанството и прослава на празникот Св. Илија. Манастирот е целосно возобновен во 2003 година.

## Џамии

Џамијата во с. Сингелиќ е стара и потекнува од втората половина на 19-от век. Во 1977 година старата џамија била урната и на нејзино место е подигната нова и поголема џамија. Џамијата е една од поголемите во овој дел на Скопје со уреден двор и одаи за верски обреди.

Џамијата во с. Страчинци потекнува од 19-от век, била изградена од камен. Во 1997 година е започната изградба на нова џамија која е завршена во 1999 година.

### Тутунсуз џамија

Џамијата се наоѓа на падините на Гази Баба. Според големината е една од помалите џамии, но според естетскиот изглед и декоративните елементи е една од поубавите во Скопје. Изградена е во 17 век. Врвот на минарето е впечатлив, се забележува оддалеку. Вистинското мајсторство е прикажано при градењето на шерефето (кружниот дел). Дури во една од плочите е врежана и слика од симит погача. Иако се вршени интервенции по земјотресот во 1963-та година минарето е целосно зачувано, а изградено било од камен, тула и обработен камен.

### Турбето на кралската ќерка

На источната падина на населбата Гази Баба во близина на природно-математичкиот факулет се наоѓа и Турбето на кралската ќерка или турбе „Крал К'зи". Тоа е гробницата на ќерката на последниот босански крал Стефан, Катерина Косача која живеела како заробеник кај Гази Иса – бег. Турбето било во состав на познатите муслимански гробишта кои биле лоцирани на оваа падина. Градено е од камен и цигли. На квадратна основа поставени се четири столба со зашилени врвови и покриено со купола на четири вода. Се претпоставува дека турбето е изградено кон крајот на 15-ти или почеток на 16-ти век. Турбето било посетувано подеднакво и од муслиманите и христијаните со оглед на тоа дека станува збор за почитувана кралска ќерка. Турбето е целосно реконструирано во 2014 –та година.



# • Манифестации

Општина Гази Баба организира разни манифестации, дружења и прослави од кои ќе ги издвоиме позначајните:

Во рамките на Културно лето Гази Баба од 2010 година се одржува Меѓународниот фолклорен фестивал. На овој фестивал учество земаат ансамбли и фолклорни друштва од цел свет, претставувајќи го својот фолклор, традиција и култура. Носител на проектот и домаќин е ансамблот за народни песни и игри „Јонче Христовски“.

Секоја прва недела во месец мај на меѓународниот Ден на мајката, почнувајќи од 2011 година се одржува манифестацијата „Големата мајка“. Во рамките на оваа манифестација ќе се реализираат различни проекти од областа на културата, уметноста и творештвото.

Општина Гази Баба традиционално со најмладите го прославува Денот на шегата 1-ви Април. Се организира ревија на маски подготвени од децата од градинките и основните училишта од општина Гази Баба и богата културно забавна програма за нашите најмлади жители.

На крај на месец мај, во прекрасниот амбиент на црквата Св. Илија во н.м. Виниче, учениците од сите основни училишта од општина Гази Баба, и гости од соседните и збратимени општини, дружејќи се создаваат уметнички дела преку кои ја изразуваат својата креативност. Ликовната манифестација Виниче исто така е збогатена и со културно-уметничка програма.

На големиот верски празник Богојавление - Водци, вештите раце на домаќинките од општина Гази Баба, подготвуваат традиционални рецепти на македонската пивтија. Манифестацијата „Пивтијада“ е од хуманитарен карактер и отворена за учество на сите хумани луѓе. Најдобрите пивтии се наградуваат, воедно и се продаваат, а собраните средствата се користат за хуманитарни цели.

Ненадминливата убавина на македонските народни носии, изворниот звук на народните музички инструменти и македонските песни испеани од бисерните грла на вокалните изведувачи, сплотени со прекрасната природа на Скопска Црна Гора, преку манифестацијата „Ревија на народни носии, песни и иструменти“ ги доближуваат дел од бескрајните убавини на Македонија до посетителите.

Општина Гази Баба во месец ноември традиционално ја организира манифестацијата позната како Тиквијада. Посетителите имаат можност да се дружат, забавувваат и да ги пробаат специјалитетите од прекрасниот производ на македонското поднебје - тиквата.

Манифестацијата Трката за мир, соживот и толеранција се одржува во Спортско рекреативниот центар Хиподром, на која учествуваат ученици од основните училишта од општина Гази Баба и општина Арачиново. Се одржуваат трки на учениците и една ВИП трка каде што учествуваат Градоначалниците на општините Гази Баба и Арачиново, преставници од невладини организации, преставници на спонзорите, директори на основните училишта, како и граѓани, присутни на оваа спортска манифестација. Покрај спортскиот дел се одржува и забавен дел со учество на ученици од основните училишта од двете општини.





# ТУРИЗАМ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Туризам и услуги во општина Гази Баба

## • Услуги во општина Гази Баба

### УГОСТИТЕЛСТВО

Во општина Гази Баба, успешно работат над 90 компании кои нудат услуги за сместување и сервисни дејности поврзани со храна. Мал е бројот на компании кои нудат само кетеринг услуги, повеќето од нив се во склоп на хотел или ресторан. Како најголем понудувач на кетеринг услуги се издвојуваат Хотел Континентал потоа Микеи Хантинг Клуб, Боними, ресторан Дојрана, ресторан Ханибал и др. На територијата на општината постојат најразлични угостителски објекти како ресторани, гостилници, ќебапчилници, пицерии, млечни ресторани, слаткарници, кафе барови, игротеки, студентски мензи и слично.

### СМЕСТУВАЊЕ

Според статистичките податоци, бројот на објекти за сместување на територијата на општината е два, со капацитет од 210 соби, 435 легла и 132 вработени. Тоа се хотелот Континентал и Камник.

Тимот кој го проектирал Скопскиот саем го проектирал и хотелот „Континентал“. Самиот објект е проектиран во духот на древната игра – шахот. Дури и самиот хотел личи на стилизирана фигура „топ“. За тоа постои и посебна причина именo во 1972–та година во Скопје се одржани дваесетите машки и петтите женски олимписки игри во шах и конгрес на ФИДЕ. Со цел сместување на учесниците на олимписките игри во Скопје се изградени неколку објекти. Хотелот Континентал располага со 200 соби од кои 6 се апартмани и еднокреветни и двекреветни соби, но на барање на гостите може да се изорганизираат и трокреветни соби. Еднокреветните соби располагаат со француски лежај и сите соби имаат преубав поглед и панорама од 180°. Собите се поделени на две категории и тоа луксузни и стандардни економи соби па така се излегува во пресрет на различните можности на посетителите. Сите соби се опремени со wi-fi, интернет, сателитска телевија, мини бар, сеф и климатизација, директни телефонски линии. Собната послуга е достапна секој ден од 06 – 24 часот. Покрај сместувачкиот капацитет хотелот располага со Национален ресторан со капацитет од 200 гости на приземјето на хотелот. Со комфорна и климатизирана банкетна сала нуди широка селекција на странски и домашни јадења и пијалоци. Хотелот има шест банкетни сали: Кристална сала, Церемонијална, Фонтана бар, Континетал клуб, Бизнис клуб и Конти клуб. Во зависност од настанот во салите можат да се сместат од 20 до 440 гости и имаат површина од 1500 m². Гостите можат да уживаат и во градините за коктели или забави со капацитет од 300 до 400 гости. Без разлика дали се работи за корпоративни состаноци, конвенции, семинари, презентации и промоции, прослави од секаков вид, прес конференции, приватни забави и родендени.

Хотел Камник е лоциран на влезот од Скопје. Има капацитет од 16 соби уредени во ловечки стил, 5 луксузни апартмани, конференциски и сали за состаноци и сала за вежбање со отворено тениско игралиште. На приземјето има ексклузивен ресторан и енотека каде што гостите можат да уживаат во атмосверата и вкусот на 150-те вина од целиот свет. Во подрумските простории има стрелиште со 5 места и автоматизирани мети. Хотелот има и свое ловиште „Лакавица“ кое се наоѓа во централниот дел од Македонија на околу 100 km од Скопје, каде што се организира лов на диви свињи, муфлони, елени и дивокози.

### ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

Туристичка агенција која работи на територијата на општина Гази Баба поточно во населба Маџари е агенцијата „Весна – турс“, формирана во 1992 година. Агенцијата поседува Лиценца А и ги исполнува сите критериуми за комплетна туристичка вредност. Агенцијата нуди дестинации кои одговараат на старосната граница на туристите и овозможуваат задоволување на барањата на секој турист. Исто така има склучено договори за меѓународна соработка со странски туристички оператори од повеќе држави. За нив подготвува и разработува програми за туристите кои ја посетуваат Македонија, им обезбедува хотелско сместување, трансфери, водичи и др. Ваквите програми се одлични за

запознавање на туристите со културата, историјата и природните убавини на Македонија.

## САЕМИ И КОНФЕРНЦИИ

Во тек на повеќе векови, најмногу по повод на верски празници во Скопје и неговата околина се одржувале разни панаѓури. Организирани саемски манифестации почнале да се одржуваат од 1950-та година па наваму. Тогаш е поставена и Првата изложба на достигнувањата во индустријата и рударството па така таа година и се смета за почеток на постоењето на Скопскиот саем иако официјално е формиран дури во 1957 година. Во меѓувреме саемските манифестации се одржувале во разни објекти како домови на култура, училишта, спортски објекти. Првите две хали кои биле изградени под Кале биле уништени од поплавата во 1962 година и земјотресот во 1963 година. Саемот и неговата административна зграда како што ги знаеме и денес се градени од 1970-1973 година. Саемот располага со 5 хали, а проектанти се Благоја Мицевски, Димитар Димитров, Славко Ѓуриќ и Живко Гелевски.

Саеми кои се одржуваат традиционално во различни периоди од текот на годината се следните: Градежништво, Мебел, Саем на книгата, Денови на Образование, Скопје Травел маркет, Транспорт - товарни возила, Есенски ДОМА Саем, ИТФ-Агрофуд, Технома, Транспорт и логистика, Вински Фестивал, Финекспо и др.

Во склоп на Скопскиот саем се наоѓа и Метрополис Арена, со површина од 4.300 m² и извонредна акустика на просторот за повеќенаменска употреба која нуди огромен број можности за организирање на: саеми, големи компаниски забави, меѓународни конгреси, конвенции, бизнис средби, забавни, музички, спортски и други манифестации.

Метрополис Арена има можност да прими 9.000 посетители за стоење, за седење 2.450 седишни места од кои 2.100 во просторот на партерот и 350 места за седење на самата галерија, издигната на височина од 4 метри над самата површина на халата, како и 100 m² наменети за сценски простор, каде што може да се смести бина.



Со развојот на градот Скопје и општина Гази Баба и потребите од простор за состаноци, Саемот се развива во конгресен центар за одржување на состаноци, семинари, обуки и конференции, а тоа секако е во прв план ЕРА бизнис центарот лоциран на Скопскиот саем. Располага со шест сали и тоа: Бизнис сала чија главна карактеристика е флексибилноста. Има можност за дислоцирање на седишта и потенцијал за трансформација во амфитеатар. Со капацитет од 158 седишта таа е идеално место за одржување на меѓународни средби, брифинзи, форуми, симпозиуми, ревии, фестивали, промоции и сл. Понатаму следи Дипломатик салата која се наоѓа спроти Бизнис салата со капацитет од 32-100 седишта. Има можност за поделба на просторот на два дела и е исто така идеална за дипломатски средби, симпозиуми, мини коктели, конференции, дебати презентации итн. Арт салонот кој е всушност реновираното фоаје на управната зграда на Скопски Саем, со блескав мермерен под и квалитетно осветлување го прават идеално за изложби, свечени отворања на саемските манифестации и поетски читања. Во подрумските простории на Управната зграда на Скопскиот Саем е сместена Винотека со површина од 70 м² со пријатен ентериер во дрво во кој се чуваат преку 160 видови вина од домашно и странско потекло. Има клупи со капацитет од 25 гости, а доколку се отстранат клупите се зголемува капацитетот до 40 лица. Опремена со можно и квалитетно озвучување и климатицација само го зголемува уживањето и атрактивноста. На вториот кат пак на управната зграда на Скопски саем се наоѓа комплетно опремена компјутерска училница со компјутери, принтер и ЛЦД проектор која може да се користи за предавања, семинари и тестирања. На крајот како дополнување на услугите кои ги нуди ЕРА Бизнис Центарот се и неколкуте помали канцеларии кои се во директна комуникација со салите и фоајето на Мулти Бизнис Центарот. По завршување на деловните средби, презентации и семинари гостите можат да се опуштат во фоајето кое има капацитет од 40 седишта, 10 маси и максимален капацитет од 200 гости. Салите кои ги нуди ЕРА Бизнис Центарот се комплетно уредени и опремени со дигитален конференциски систем за 40 учесници, систем за симултан превод до 7 јазици, систем за мултимедијални презентации, систем за засилување на говор и презентација на аудио материјали, видео конференција, снимање, емитување и обработка на видео материјали, обезбедување на видео записи со архивски квалитет и др.



## ВИНАРИИ

На територијата на општина Гази Баба се наоѓаат три винарии кои можат да го збогатат туристичкото искуство и престојот.

Производството на македонското вино е поделено во три главни вински региони и тоа Повардарје – Вардарска долина (Централен регион) , Пчиња – Осогово (Источен регион) и Пелагониски – Полошки (Западен регион). Општина Гази Баба е во Вардарската долина и затоа општината со гордост ги претставува производителите на вина и нивните понуди за дегустација на вина.



Една од најстарите винарски визби во Македонија, но и втора по големина која се наоѓа на територијата на општина Гази Баба е винарската визба Сковин. Основана е во 1979 година, продолжувајќи ја вековната традиција на производство на вино од Скопското виногорје, традиција која датира уште од древниот Рим.  Годишното производство на Сковин изнесува 17 милиони литри вино, кое го пласира на 18 светски пазари, на 5 континенти. Вината на Сковин имаат добиено 53 меѓународни награди и признанија за квалитет на многубројни вински саеми и фестивали, а годинава Сковин се стекна и со признанието Супербренд на Македонија. Вината на Сковин можат да се најдат во регионот и Европската Унија, но и во Далечниот Исток, Русија како и во прекуокеанските земји Австралија, Канада и САД.

Плантажите на Сковин се протегаат низ благите ридести падини во околијата на Скопје. Лозовите насади на Сковин се познати по тоа што даваат единствена арома на вината, одраз на остриот мраз и долгото суво сончево лето. Нивната уникатна и поволна локација на 400-600 метри надморска височина на јужните падини на Водно, подалеку од индустриски објекти, покривајќи површина од 500 хектари во областа наречена Сончева Долина и локалитетот Маркова Река, претставуваат дел од факторите кои влијаат врз производство на вино со врвен и уникатен вкус и стил. Сковин поседува 150 хектари лозови насади и во Тиквешкото виногорје. Влијанието на медитеранската клима од југ создава совршени услови за производство на вина со висок квалитет.



**Лозови насади Сковин**



Винскиот подрум Сковин е лоциран во главниот град, со убав амбиент и во согласност со кулинарските стандарди. Тој нуди единствена можност за пријатни мигови, организирање деловни средби и свечени прослави, надополнети со можност за прошетка низ Винарницата и запознавање со процесот на производство на врвни вина. За сите љубители на доброто вино, Винарската визба Сковин е одличен избор за дегустација на врвни и квалитетни вина со помош и совети од професионални сомелиери.



**Вински подрум Сковин**

Следна винарија која се наоѓа на територијата на општина Гази Баба е винаријата Шато Камник. Иако е релативно млада винарија и компнија ги има добиено сите можни признанија за квалитет и е доказ за тоа дека успехот е достапен доколу му се посветите. Сопственоит на Шато Камник е љубител на вино и во својот ресторан има колекција на странски вина. Отсекогаш имал љубов и идеја да направи своја винарија. Во 2004-та почнува со производство на вина. Произведувал вино во ограничени количини кои се служеле само во неговиот ресторан. Потоа почнува да засадува лози на ридчињата околу ресторанот за една година подоцна да произведе Шардоне  и Мерло. Бербата на насадите речиси е доволна за целокупното производство. Во винскиот подрум на винаријата во  буриња од француски, унгарски и американски даб зрее виното кое го произведува винаријата.





**Винарија Шато Камник**

Најстарата винарија која се наоѓа на територија на општина Гази Баба е винаријата Тиквеш. Иако уште во 1885 година се споменува името Тиквеш и таа година се смета за почеток на организирано производство на вино во Македонија, во периодот 1952-1962 години покрај сите организациски преструктуирања и процеси со припојување на неколку помали земјоделски стопанства е создаден агрокомбинатот Тиквеш. Со винскиот подрум кој е во негов состав станува најголема винарска визба во Југоисточна Европа. Најпознатото вино Тга за југ е создадено во 1973 година во чест на Константин Миладинов и неговата „Тга за југ“. Винаријата постојано освојува награди за квалитет и највисоки оценки од светски познати вински критичари како Роберт Паркер.



## ПИВАРИ

Покрај винарските визби на територијата на општина Гази Баба сеуште успешно работи најстарата пивара во Република Македонија. Во 1922 година е купено земјиште од 32,347 $m^2$ покрај железничка линија Скопје – Ниш и започнува да се гради фабриката. Чесите Виктор Цајс и Карел Хусник се основачи на Парната пиварница во Скопје. Во периодот пред војната годишниот капацитет на пиварницата бил 35,000 хектролитри пиво, 720 тони слад и 1.500 тони мраз. Во повоените години само се зголемува капацитетот на пиварницата. До 1977 година се произведувало само пиво и слад, подоцна почнува да се произведуваат безалкохолни пијалоци а од 1982 година и оцет. Во 1991 година Пивара Скопје почнува да соработува и со гигантот Coca cola Company и како овластена полнилница достигнува капацитет до 948.000 хектолитри годишно. Скопската пивара одбележува четврт век со највисоки признанија за квалитетот на пивото Скопско и најдобар индекс за квалитет на Coca cola.



**Скопска пивара**



## ФАБРИКИ

Во општина Гази Баба, поточно реонот наречен Источна Индустриска Зона покрај неколкуте фабрики како „Пивара“, „Жито лукс“, „Алкалоид“, „Виталија“ и др., има уште една фабрика која постои од 1882 година и произведува слатки задоволства. Тоа е фабриката Европа. Почнува да работи како занаетчиска работилница за производство на локум, бонбони и производи од шеќер со мал капацитет од само 250 килограми и пет вработени. До работилницата имало и продавница во која се продавале производите и слатко во тегли. Во 1946-та година станува општествена сопственост. Во 1952 година работилницата се преселува на денешната локација и се исполнуваат условите да прерасне во фабрика чие производство постојано расте. Во 1963-та година се модернизира со нови машини за производство на карамели, бонбони и производство на чоколада и чоколадни производи. Во 1975-та година е пуштен погонот за производство на пенести маси и фондан истата година во производство и продажба е пуштен производот кој и денес се произведува, а тоа е „Крем банана“ по која фабриката е препознатлива.



**Источна индустриска зона на ОГБ**

Друг производ по кој е позната фабриката се и црвено-белите бастумчиња. Лижавчињата во форма на бастумче или буквата Ј имаат своја симболика. Имено приказната почнува уште во 1670 година кога еден свештеник за да бидат мирни децата во тек на мисата за Божиќ им поделил бели бомбончиња во форма на буквата Ј или бастумчиња. Дури околу 1900 година се додадени црвените ленти на лижавчињата. Се верува дека белото тело на бастумчето ја симболизира чистотата на Исус а црвените ленти се крвта негова. Со тек на годините фабриката се модернизира со нови погони и машини, се зголемува капацитетот на производство. Во 2004-та година фабриката го имплементира и HACCP системот за анализа на опасности и критични контролни точки и ја подига свеста за општествена одговорност. Во фабриката има продавница за малопродажба на производите.

## БАНКИ

Како би им се овозможило на и жителите на општина Гази Баба и на туристите кои престојуваат своите потреби за банкарски услуги, брокерски и услуги, инвестициско банкарство, менувачко работење, чување вредни работи во сефови, издавање гаранции, издавање акредитиви и други инструменти на меѓународниот платен промет, управување со финансиските и другите имоти, финансиско советувањети да ги извршуваат што поблиску до местото на живеење или престој банките кои работат во Република Македонија имаат отворено свои филијали во општина Гази Баба и тоа: Комерцијална Банка АД Скопје 4 (четири) филијали/банкомати, Охридска Банка 2 (две) филијали/банкомати, Шпаркасе Банка една филијала, Стопанска банка три филијали, Алфа Банка една филијала, ТТК Банка две филијали, НЛБ Тутунска банка две филијали и Халк Банка три филијали.

## ПОШТИ

Националната компанија за поштенски услуги Македонска пошта има свои филијали на територијата на општина Гази Баба и тоа во следните места: Скопски саем, Автокоманда, Маџари, Железара, Хиподром, Јурумлери.



Но со либерализација на поштенските услуги на територија на општина Гази Баба делуваат и приватни компании кои нудат поштенски услуги по принципот на брза пошта како ТИР; Карго Експрес и Брза пратка.

## ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

За потребите на жителите на општина Гази Баба и на град Скопје, но и за оние на кои им е потребно лечење и здравствена грижа на територијата на општина Гази Баба се наоѓаат повеќе установи кои предлагаат здравствени услуги. Покрај Здравствениот дом Железара, постојат и помали ординации од медицнската пракса. Од болниците застапени се Приватната болница за офталмологија Корнеа медика и Ре-медика. Ре-медика е приватна здравствена установа која успешно работи веќе 10 години. Основана е во 2005-та година и за прв пат се применети светските стандарди и протоколи за квалитетно здравство во Македонија за кое добива награда за најдобра инвестиција во Југоисточна Европа. Исто така е прва болница која го имплементира и одржува сертификатот за квалитет согласно стандардот ISO 9001-2008. Лабораторијата за ин витро фертилизација од одделот за гинекологија и акушерство е прва на Балканот и меѓу ретките во Европа која го има сертификатот за квалитет и безбедност. Прогласена е за најдобра во категоријата за животна средина и корпоративна одржливост.

Во интерес на посетителите и туристите треба да ги посочиме и неколкуте ветеринаринарни амбуланти кои се наоѓаат во општината, од кои најпозната е Ветеринарната болница која се наоѓа во населбата Автокоманда. Болницата нуди целосно покривање на грижата за здравјето на животните, независно дали се тоа миленичиња или добиток. Услугите кои ги нуди се поврзани со прегледи и лекувања на сите видови животни, хируршки интервенции, клиничко лабораториска дијагностика и др.

## ФАРМАЦИЈА

На територијата на општина Гази Баба се наоѓа и најголемата фармацевска компанија во Македонија, фабриката „Алкалоид" АД Скопје. Иако почетоците биле во приватна сопственот на семејството Огњановиќ и на почетокот работеле само петнаесетина работници и произведувале околу 350 кг. фармацевстки суровини, фабриката е никулец на новата стопанска дејност. Основна дејност е производи на алкалоиди од опиум, естракција на морфин база и синтетизирање до кодеин. Пресудно значење за отворањето на ваков тип преработувачки капацитет бил квалитетот на македонскиот афион кој го има и третманот на црно злато. Во 1945 година со решение на владата на ФНРЈ и НРМ извршено е поопштествување на фабриката. Од година во година производството се зголемувало, се осовременува технологијата, се проширува производната дејност и се подобрува клавалификационата структура на вработените. Во 1957 година е пуштен Галенскиот погон каде се произведуваат Кафетин, Кодафен и Носкапин. Во 1966 година фабриката го проширува делокругот на работење и на откуп на билки. Подоцна почнува со производство и на козметика како линијата Бекутан и Блек ап. Компанијата одржува континуитет во почитување на законите, стандардите, водичите и директиви и како законска обврска, но и како заложба за квалитет, ефикасност и безбедност на сите производи. Компанијата освен по фармацевтските производи е позната и по производството на различни видови чаеви.



**„Алкалоид" АД Скопје**



## БЕНЗИНСКИ ПУМПИ

Во општина Гази Баба се лоцирани неколку бензински пумпи кои се од интерес на посетителите како Лукоил, Макпетрол, Детоил и други. Овие бензински пумпи во своите објекти нудат угостителски услуги и храна, продаваат патни карти, сувенири и други дополнителни дејности поврзани со патувањето. Покрај бензинските пумпи, во општината постојат неколку автомеханичарски сервиси и автоперални.

## ФОТО СТУДИЈА

Во општина Гази Баба се лоцирани неколку фото студија кои предлагаат фотографски услуги и како дополнителна дејност може да бидат вклучени во развојот на туризмот.

Покрај фото студијата во интерес на посетителите и туристите треба да бидат споменати и неколкуте цвеќари кои се наоѓаат на територијата на општината.

## ПАЗАРИ

На територијата на општина Гази Баба се лоцирани повеќе пазари каде може да се купат различни видови на овошје и зеленчук. Позначајните пазари се наоѓаат во населбите Маџари и Сингелиќ, потоа пазарот за трговија на големо и мало Кванташки, како и сточниот пазар во Трубарево. Освен пазарите, во општината има и голем број на продавници за трговија на мало како и синџири од супер маркети, Бриколаж за потребите на домаќинствата и др.

# • Спортски клубови и спортски капацитети

На територијата на општина Гази Баба е формиран општински фудбалски сојуз Гази Баба кој го сочинуваат фудбалски клубови од сите населени места на територијата на општината и тоа: ФК Скопје, ФК Маџари Солидарност 92, ФК Раштак, ФК Фортуна, ФК Трубарево, ФК Гоце Делчев, ФК Инџиково, ФК Нова Колонија, ФК Јурумлери, ФК Железарец и др. Покрај фудбалските клубови во општината се регистрирани и клубови од други спортови како:

- Фудбалски клубови: Скопје, Металург, Маџари Солидарност
- Ракометен клуб: Металург
- Кошаркарски клубови: Феникс и Јуниор
- Одбојкарски клубови: Јанта Волеј и Скопје Волеј
- Боксерски клубови: Скопје и Аперкат
- Карате клубови: Тигар, Солидарност и Металург
- Таеквондо клубови: Кобра и Ахилиус
- Кик бок клуб: Скопје
- Џудо клуб: Миоки
- Спортски радио-ориентационен клуб: Младост
- Стрелачки клуб: Гоце Делчев
- Маратон клуб: Делта
- Клуб за ориентинг, биатлон и нордиско скијање: Скии Рис
- Пинпонгарски клуб: Скопје Рисови
- Клуб за Коњички спорт: Илинден во Хиподром

За реализација на плановите на спортските клубови на територијата на општината се изградени и постојат спортски сали и повеќе наменски игралишта и тоа: спортска сала во М.А. Ченто; мултифункционално игралиште во ОУ „Н.Н. Борче“; фудбалски терен со природна трева и трибински простор во н.м.



Трубарево; тениски терен во дворот на ОУ „Григор Прличев“; спортска сала во О.У. „Крум Тошев“; игралишта за мал фудбал со вештачка трева во н. Триангла и н.м. Јурумлери; спортски игралишта за мал фудбал или баскет во н.м. Автокоманда, Керамидница, Железара, Ченто, Питу Гули, Инџиково, Стајковци, Брњарци, Црешево, Смилковци, Булачани, Рашак, Хиподром, Маџари, Трубарево, Јурумлери, Нова Колонија; терен за коњички спортови во Хиподром и др.



**Спортски капацитети на ФК Вардар**

## СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Општина Гази Баба е место каде се одржуваат повеќе спортски натпревари во текот на годината. Рели трките се одржуваат секоја година во Ноември. Секој кој има регистрирано моторно возило и важечка возачка дозвола може да учествува на трките. Почетокот е кај плоштадот во Автокоманда, а целата рута е на територија на општина Гази Баба. Трката е поделена во два дела, а натпреварувачите се поделени во повеќе категории како сериски возила, увозници, олд тајмери и жени. Во склоп на трките се одржува и изложба на олд тајмери.

Интернационален карате турнир „Гази Баба“. Турнирот се одржува традиционално секоја година во населбата Маџари. Повеќе од 500 деца од Македонија, Бугарија, Србија, Словенија, Црна Гора, Косово, Албанија идр учествуваат во индивидуални и тимски натпревари.



Спортска сала „Автокоманда”



Покрај претходно споменатите, во општината се одржуваат и следните спортски натпревари: Централен турнир во мал фудбал во н. Триангла; меѓународен турнир во фудбал „Скопје Куп“; голем турнир во шах за денот на општината Гази Баба „3-ти Ноември“; турнир во стрелаштво на стрелиште Камник, Ченто „Скопје Опен“; регионален пролетен турнир во мал фудбал, карате турнир „Солидарност“; карате турнир „Металург“; Таеквондо турнир Кобра Гази Баба; Предновогодишен турнир во фудбал во организација на Општински фудбалски сојуз „Спортуваме, среќни сме“; турнир во одбојка за девојки по повод денот на општината; трка во планинско трчање „Гази Баба траил“; атлетска трка во Парк Шума Гази Баба и др.



Стадион „Борис Трајковски”

# • Активности во општина Гази Баба

Можностите за рекреација на територија на општина Гази Баба се повеќе. Постојат ролерската и велосипедската патека долж реката Вардар и е лоцирана на левата страна од фабриката Комуна до мостот близнак преку населбата Ќерамидница. Патеката има должина од 2338 метри и ширина од 4 метри. Асфалтирана и обележана со хоризонтална и вертикална сигнализација. Највисоката точка на патеката е 240 метри додека висинската разлика е само 4 метри од најниската до највисоката точка. Патеката нуди можности за спорт и рекреација, но и непрекинато возење до центарот на Скопје. Исто така, на булеварот Александар Македонски постои одбележана велосипедска патека од фабриката Пивара до хотелот Континентал.

Доколку се практикува планинско возење велосипед на падините на Скопска Црна Гора до село Раштак има патека од 1,5 km. Почнува во селото Раштак на местото викано Пештера. Дел од патеката е асфалтиран, но дел е покриен со тампон. Највисоката точка е 762 метри, а висинската разлика е 133 метри. Со оваа патека ливадите, изворите, потоците, воопшто природата се приближува до граѓаните. Поставени се и неколку летниковци, фонтани, клупи и мостови за премин преку реката.

## Поштад Автокоманда

Плоштадот е лоциран во населбата Автокоманда помеѓу булеварот Александар Македонски и улицата Јани Лукровски, зафаќа површина од 5.768 $m^2$. Плоштадот е проектиран како плато поплочено со гранитни плочки, пристапни патеки, зелени површини и висока и ниска вегетација. Поставени се две детски игралишта, урбана опрема, сценско плато, и фонтана со воини од Фалангата и воин на коњ, Филип II. Жителите на општина Гази Баба се особено горди на плоштадот бидејќи е комплетно финансиран од бизнис компаниите во општината, а завршен е во 2008 година.



**Плоштад Автокоманда**



# Видови на туризам

Во овој дел се опишани различните видови на туризам кои има можност да се развиваат во општината, каде и од кого истите би се развивале. Тоа се следните:

- Културно историски туризам
- Гастрономски и вински туризам
- Транзитен туризам
- Индустриски туризам
- Здравствен туризам
- Конференциски и бизнис туризам
- Активности во природа и спортски туризам
- Образовен туризам

Културно историски туризам опфаќа туристички патувања мотивирани од културни интереси кои вклучуваат посета на историски локалитети и споменици, музеи и галерии, уметнички перформанси и фестивали, традиционални занаети, како и од начинот на живот во заедниците. Во овој вид на туризам спаѓаат руралниот туризам, еко туризмот, религиозниот туризам и др. На територијата на општината има можност за развој на овој вид туризам поради културното и историско наследство како Тумба Маџари, верските објекти, културните манифестации и др. Најчесто за овој вид на туризам се креираат патеки и специфични производи пример: патека на црквите во општината, патека на руралното наследство и др.

Гастрономски и вински туризам опфаќа широк спектар на активности кои се поврзани со храната и виното. Од понуда на специфична и традиционална кујна, до организација на гастрономски натпревари и манифестации поврзани со храната. Вклучувањето на одредени јадења во понудата на угостителските објекти, иницијативи како на пример: недела на одредено јадење и понуда од страна на угостителите во општината во одредени временски интервали по одредени цени, вклучување на туристите во набљудување или подготовка на јадењата и обука и др. Винскиот туризам вклучува посета на винари, дегустација и купување на вино, вински патишта, вински манифестации, иницијативи како: недела на виното и др. Гастрономскиот и винскиот туризам имаат голема перспектива за развој во општината поради одличните угостителски капацитети и присуството на три винарии кои поседуваат можност за дегустација.

Транзитен туризам претставува вид на туризам каде патниците се задржуваат во дестинацијата за краток временски период бидејќи низ неа транзитираат кон нивната крајна цел. Во светот постојат региони каде транзитниот туризам претставува многу важна гранка од економска гледна точка. Идејата за равојот на овој вид туризам е да се даде понуда на транзитните патници да останат во дестинацијата низ која транзитираат и да користат производи и услуги во неа. Од тој аспект збогатувањето на понудата за овој вид на туристи е од суштинско значење. Во општина Гази Баба како главна транзитна зона за влез и заобиколување на градот Скопје постојат одлични потенцијали кои треба да искористат за развој на овој вид туризам.

Индустриски туризам претставува патување и посета на произведувачки капацитети, како на пример пиварници и винарии, погони за производство на храна и текстилни фабрики, но, исто така и рудници и електроцентрали, со цел да се видат процесите на работа. Поради големиот број на фабрики кои се наоѓаат на територијата на општината постои можност за развој на овој вид туризам со разглед на работните процеси во фабриките, иновациите, но и со организација на специфични производи како: чоколадна тура во фабриката Европа, пивска тура во пиварата Скопско, здрава храна во Виталија, тура за дегустација на чај во Алкалоид и др.

Здравствен туризам опфаќа патување поради лекување каде што главен мотив на пациентите отсекогаш била поквалитетна здравствена услуга. Во последната декада покрај потрагата за поквалитетна услуга движечка сила станува и потрагата по поевтина услуга со што патувањето заради лекување станува помасовно. Туристичките организации ја препознаваат можноста за развој на оваа нова гранка во туризмот и започнува развој на компании кои се специјализираат во организирање на услуги како сместување, транспорт, преведување, придружба, туристички разгледувања за пациентите и нивните придружници. При тоа се земаат во

предвид специјалните потреби на пациентите за кои понекогаш е потребен специјален вид на транспорт или сместување. Поради неколкуте здравствени институции со кои располага општината овој туризам може да биде активно развиван.

Конференциски и бизнис туризам е термин кој се користи за да се опишат сите патувања и активности кои произлегуваат директно поради работните задолженија или индиректно при извршување на активности кои се поврзани со работата. Тоа подразбира активности кои се поврзани со секојдневните работни обврски, но и патување за корпоративни или организациски средби, конвенции, конференции и конгреси. Мотивирачките патувања (incentive tours) кои ги користат фирмите за да ги наградат своите најдобри вработени, исто така спаѓаат во оваа група. Бизнис патувањата се поразлични од патувањата за задоволство поради неколку аспекти. Преферирана дестинација за нив генерално се градовите, а не ресортите. Поради тоа, регионите со добро развиени индустриски или услужни економии го привлекуваат најголемиот дел од бизнис патувањата. Ваквите патувања се помалку сезонски и повеќе концентрирани во средината на седмицата, каде транспортот се користи наутро пред и навечер после завршување на работното време. Поради професионалниот статус, генерално бизнис туристите се високообразовани и имотни. Овие карактеристики ги прават посакувани од страна на понудата која ги поттикнува да направат одмор во дестинацијата неколку дена пред или после состаноците или конференциите. Луѓето кои патуваат поради бизнис може да се одлучат со нив да ги поведат своите партнери или во друг период да се вратат на истото место поради одмор. Капацитетите за организација на конференции со кои располагаат објектите во општината, припаѓањето на Скопје како пазар за овој вид туризам и Скопскиот саем претставуваат предуслов за развој на овој вид туризам.



Активности во природа и спортски туризам опфаќаат широк дијапазон на дејствија кои посетителите и туристите можат да ги извршуваат. Од една страна станува збор за рекреативните можности во природа како пешачење, разглед, пикници, манифестации и др. Од друга страна вклучува различни видови на спорт и натпреварување. Спортскиот туризам претставува патување од некомерцијални причини за учество или следење на спортски активности надвор од постојаното место на живеење; израз на однесување на луѓето во тек на нивното слободно време – време за одмор – кое се користи делумно во природна средина и другиот дел во објекти за спорт и рекреација; одмор кој содржи спортски активности или како учесник или како гледач. Спортските капацитети, клубови и натпреварувања, како и природните вредности кои се лоцирани во општината даваат можност за развој на овој вид на туризам.

Образовен туризам претставува патување поради предавање, учење и подобрувањето на техничката стручност надвор од просториите на образовните институции. Во образовниот туризам, главната цел на турата или слободните активности опфаќа посета на дестинации или атракции за да се изучат нивните карактеристики. Овој вид на туризам опфаќа размена на студенти и практиканти, училишни посети и екскурзии, учење на јазици, едукативни и креативни работилници за деца, едукативно запознавање на ученици и студенти со руралното наследство и слично. Општина Гази Баба на својата територија има образовни институции и капцитети во студентските домови кои би можеле да се искористат за развој на овој вид на туризам.



# СТРАТЕШКИ НАСОКИ

# Акционен план, стратешка цел, приоритети и мерки

Акциониот план во стратегијата е направен согласно Основната цел, која произлегува од визијата и мисијата на стратегијата. Акциониот план ги содржи сите поважни сознанија кои произлегоа од истражувањата, како и одржаната работилница и работата со фокус групи. Основната цел на стратегијата за развој на туризмот на општина Гази Баба е создавање на услови и зголемен развој на туризмот. Оваа цел ќе се реализира преку три основни приоритети кои имаат свои мерки на делување. Мерките се опишани преку следните параметри: активности, носители, временска рамка и индикатори за успех.

**Дијаграм 2.** Цел, приоритети и мерки од акциониот план на стратегијата






| Приоритет 1 Јакнење на капацитети и партнерства во функција на искористување на природното и културното наследство и останатите ресурси за развој на туризмот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| **1.1. Тело за дестинациски менаџмент** | 1. Формирање на тело за дестинациски менаџмент на општина Гази Баба<br>2. Обединета понуда според тематски целини<br>3. Изработка на бренд за дестинација - општина Гази Баба, слоган на дестинацијата<br>4. Изработка на интегриран онлајн систем за управување со дестинацијата<br>5. Зголемен квантитет и квалитет на туристичката понуда<br>6. Формирање на тело за менаџмент со кризи во дестинацијата | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2017 | 1. Број на посетители и туристи<br>2. Број на интегрирани производи и услуги<br>3. Изработен бренд и слоган за дестинацијата<br>4. Формирано тело за дестинациски менаџмент<br>5. Онлајн можност за преглед на понудата на дестинацијата<br>6. Формирано тело за менаџмент со кризи во дестинацијата. |
| **1.2. Поттикнување на инвестиционите активности во туризмот** | 1. Користење на средства од ИПА – програмите за меѓугранична соработка<br>2. Користење на средства од ИПАРД – програми<br>3. Користење на погодности содржани во туристичките развојни зони<br>4. Организација на обуки за апликација на повиците | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, образовни институции | 2017-2021 | 1. Износ на искористени средства од програмите<br>2. Број на аплицирани и добиени проекти<br>3. Организирани обуки за апликација на повиците |
| **1.3. Зајакнување на капацитетите на општината – одделение за туризам при ЛЕР** | 1. Формирање на одделение за туризам при Секторот за локален економски развој на општината кое ќе го раководи понатамошниот развој на туризмот во општината | Општина Гази Баба | 2017 | 1. Формирано одделение за туризам при Секторот за локален економски развој на општината |
| **1.4. Партнерства и соработки со општини од земјата и странство** | 1. Потпишување на меморандуми за соработка со општини од земјата и странство<br>2. Изработка на заеднички проекти за поддржка и промоција на туризмот во општините<br>3. Зајакнување на одделенијата за меѓународна соработка во општината преку обуки и студиски посети | Општина Гази Баба | 2017-2021 | 1. Број на потпишани меморандуми за соработка<br>2. Број на изработени заеднички проекти за поддржка и промоција на туризмот во општините<br>3. Обуки и студиски посети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.5. Развој на видовите туризам** | 1. Креирање заедничка понуда за различните видови на туризам во општина Гази Баба | Бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2017 | 1. Изработена понуда за различни видови на туризам |
| **1.6.Организација на натпевар за иновативни идеи – студија на случај** | 1. Организација на натпревар за бизнис иновативни идеи од областа на туризмот – студија на случај<br>2. Награда на најдобрите идеи и нивна реализација во пракса | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, образовни институции | 2017-2021 | 1. Број на организирани натпревари<br>2. Број на наградени и реализирани бизнис идеи во пракса |
| **1.7. Отворање на етнолошки музеј** | 1. Избор на локација и отворање на етнолошки музеј на територијата на општина Гази Баба<br>2. Собирање на предмети и експонати за музејската колекција со донации од граѓани | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, локално население | 2017-2020 | 1. Избрана локација за музејот и негово отворање<br>2. Собрани предмети и експонати |
| **Приоритет 2 Подобрување на туристичката инфраструктура и промоција** | | | | |
| **2.1. Туристички инфо центар** | 1. Подготовка на проектно – техничка документација<br>2. Изработка на идејно решение на проектот<br>3. Обезбедување на согласности и дозвола за објектот<br>4. Подготовки на терен, изведба, уредување<br>5. Изградба на пристапни патеки | Општина Гази Баба, град Скопје | 2017 | 1. Број на ново отворени работни места<br>2. Број на продадени сувенири<br>3. Број на посетители<br>4. Отворен инфо центар и сувенирници |
| **2.2. Туристичко-рекреативно уредување на кејот по течението на реката Вардар** | 1. Изработка на просторно – планска документација<br>2. Спроведување на јавна набавка<br>3. Извршување на работите<br>4. Набавка на опрема за посматрање на птиците<br>5. Организирање на настан - „birdwatching" | Општина Гази Баба, град Скопје | 2017 | 1. Изработена просторно – планска документација<br>2. Спроведен процес на јавна набавка<br>3. Уредување на патеките<br>4. Број на поставени клупи, канти за отпадоци, информативни табли и табли со етички кодекс<br>5. Обележани пунктови за „birdwatching/ набљудување на птици" |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.3. Обележување на значајни туристички локалитети** | 1. Мапирање на туристичките атракции на подрачјето на Општина Гази Баба<br>2. Спроведување јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли<br>3. Поставување на информативни табли | Општина Гази Баба, град Скопје | 2017 | 1. Поставени информативни табли покрај значајни туристички локалитети<br>2. Број на поставени информативни табли<br>3. Број на обележени локалитети<br>4. Број на ангажирани локални занаетчии |
| **2.4. Урбанистички план вон населено место за спортско - рекреативен центар „Гази Баба“** | 1. Хотелски комплекс со капацитет од 150 легла<br>2. Транзитни туристи корисници на Автокампот - 300 шатори (600 кампери)<br>3. Мултинаменска спортска сала<br>4. Спа-центар за 50 лица<br>5. Рекреативци, 700 лица<br>6.Претпоставената едновремена масовност на посетеност со полн капацитет изнесува 1 500 лица. | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, инвеститори | 2017-2021 | 1. Изработка на просторно – планска документација<br>2. Изградба на хотелски комплекс со капацитет од 150 легла<br>3. Изградба на Автокампот - 300 шатори (600 кампери)<br>4. Изградба на мултинаменска спортска сала<br>5. Изградба на спа-центар за 50 лица<br>6. Изградба на објект за рекреативци, 700 лица<br>7. Претпоставената едновремена масовност на посетеност со полн капацитет изнесува 1 500 лица<br>8. Број на отворени работни места<br>9. Број на посетители<br>10. Број на интегрирани производи и услуги |
| **2.5. Изградба на локации за паркинг простор на туристички автобуси, поставување на јавни тоалети** | 1. Избор на локации за изградба на паркинг простор на туристички автобуси и нивно поставување<br>2. Избор на локации за поставување на јавни тоалети и нивно поставување<br>(Се препорачува да бидат во близина едни со други, како и во непосредна близина на туристичкиот инфо центар) | Општина Гази Баба, град Скопје | 2017-2018 | 1. Избрани локации и изградени паркинг простори за туристички автобуси<br>2. Избрани локации и поставени јавни тоалети<br>3. Број на туристи кои го користат паркинг просторот за туристичките автобуси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.6. Изградба на зип линии и адреналински парк** | 1. Избор на локации за изградба на зип линии и адреналински парк<br>2. Изградба на зип линии и адреналински парк<br>(се препорачува планината Скопска Црна Гора како соодветна локација) | Општина Гази Баба, град Скопје, Агенција за поддржка и промоција на туризмот, бизнис заедница, инвеститори | 2017-2018 | 1. Избрани локации за зип линии и адреналински парк<br>2. Изградени зип линии и адреналински парк<br>3. Остварени посети<br>4. Вработени лица |
| **2.7. Интернет промоција visitgazibaba.com, социјални мрежи** | 1. Креирање на веб страна за туристичка промоција на општината<br>2. Зајакнување на промоцијата на општината преку социјалните мрежи | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2017-2018 | 1. Креирана бев страна за туристичка промоција<br>2. Број на коментари, следење и гледање на социјалните мрежи<br>3. Зголемен број на посетители |
| **2.8. Изработка на промотивен материјал за општината, сувенири, патеводител** | 1. Изработка на промотивен материјал за општината, брошури и видеа<br>2. Изработка на сувенири кои се карактеристични за општината<br>3. Изработка на туристички патеводител низ општината | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, занаетчии, образовни институции, заинтересирани страни за развој на туризмот, познати личности од општината | 2017-2018 | 1. Изработен промотивен материјал<br>2. Изработени сувенири<br>3. Продадени сувенири<br>4. Зголемен број на посетители<br>5.Изработен туристички патеводител за општината и зголемена промоција |
| **2.9. Промоција на општината на саеми за туризам** | 1. Претставување и промоција на општината преку заедничка понуда на национални и меѓународни саеми за туризам<br>2. Избор на сами на кои ќе се претстави општината | Општина Гази Баба, Агенција за поддржка и промоција на туризмот, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2017-2021 | 1. Промоција на општината на национални и меѓународни саеми за туризам<br>2. Склучени партнерства и остварени средби<br>3. Промовирање на туристичките потенцијали на општината<br>4. Зголемен број на посетители |
| **2.10. Подобрување на пристапноста во туристичко - угостителските објекти** | 1. Подобрување на пристапноста во туристичко-угостителските објекти насочена кон потенцијални туристи вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет, повозрасни лица и лица со посебни потреби или барања<br>2. Уредување на материјално-техничката база на објектите | Општина Гази Баба, град Скопје, бизнис заедница,заинтересирани страни за развој на туризмот | 2017-2020 | 1. Подобрена пристапност во туристичко-угостителските<br>2. Уредена материјално-техничката база на објектите<br>3. Доделени признанија за „пристапните" објекти<br>4. Број на туристи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3. Доделување на признанија за „пристапните" објекти | | | |
| **Приоритет 3 Дизајнирање на препознатлива туристичка понуда и туристички производи** | | | | |
| **3.1. Обука на локални туристички водичи во Општина Гази Баба** | 1. Организирање обука и пријавување на кандидатите<br>2. Интервју со кандидатите и реализација на обуката;<br>3. Доставување извештај и здружување (единствен регистар) на нови локални туристички водичи | Општина Гази Баба, Центри за неформално образование, Комори за туризам, Здружение на туристички водичи, Факултети за туризам | 2017-2018 | 1. Обучени туристички водичи<br>2. Подигање на квалитетот на туризмот<br>3. Зголемување на бројот на туристите<br>4. Отворање нови работни места<br>5. Достапност до информации за туристичките потенцијали на општината<br>6. Број на одржани часови, број на учесници и сертификати |
| **3.2. Убавините на Општина Гази Баба како еко дестинација** | 1. Проектот подразбира разни активности за поттикнување соработка со локалното население и поврзување на поголем број учесници од локалната самоуправа, комуналното претпријатие, месните заедници и бизнис заедницата.<br>2. Проектот се состои од информираност и едукација на жителите, натпревар на учесниците и децата, уредување на јавните и приватните површини, како и спроведување на комисиско оценување и доделување годишни награди во разни категории (најубав уреден двор, зелена површина, најубав балкон, најубава фасада, или цела улица или дел од населбата, месна заедница и сл.) | Општина Гази Баба, град Скопје | 2017-2021 | 1. Количина на отстранет отпад од јавните површини<br>2. Број на уредени јавни и приватни површини<br>3. Број на учесници во проектот<br>4. Број на учесници во натпреварите<br>5. Број на пријавени проекти во медиумите |
| **3.3. Туристички аранжмани за посета на општината** | 1. Изработка на различни видови туристички аранжмани за посета на општината (како одделни понуди и како составен дел од кружни тури) | Бизнис заедница, туристички агенции, јавен сектор, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2017-2018 | 1. Изработени најразлични туристички аранжмани за посета на општината (еднодневен разглед, викенд во Гази Баба, и составен дел од кружни тури или тури за посета на Скопје) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.4. Истражување на ставовите на туристите и посетителите во Гази Баба** | 1. Спроведување на анкетирање на туристите и посетителите во општина Гази баба за да се измери нивното задоволство од престојот и посетата | Општина Гази Баба, Завод за статистика, Маркетинг агенции, Високообразовни институции, бизнис заедница | 2017-2018 | 1. Број на извршени анкети на домашни и странски туристи и посетители<br>2. Запознавање со ставовите и потребите на туристите<br>3. Идно подобрување во туристичката понуда |
| **3.5. Организирање на конференција за туристички производи и манифестации** | 1. Објавување на повик за конференција за туристички производи и манифестации<br>2. Покана на истакнати стручни лица од туристичката област<br>3. Организација на конференцијата и следење на новите трендови во туризмот | Општина Гази Баба, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, меѓународни институции, обрзовни институции, Агенција за поддржка и промоција на туризмот, Министерство за економија – Сектор за туризам и угост. | 2020 | 1. Објавен повик за конференцијата<br>2. Поканети истакнати стручни лица од туристичката област<br>3. Организација на конференција<br>4. Број на учесници<br>5. Заклучоци од конференцијата |
| **3.6. Изработка на мобилна апликација за општина Гази Баба** | 1. Изработка на мобилна апликација за туристичките потенцијали на општина Гази Баба | Општина Гази Баба, Тело за дестинациски менаџмент, Информатички компании | 2017-2019 | 1. Изработена мобилна апликација<br>2. Број на корисници на апликацијата<br>3. Број на коментари за апликацијата |
| **3.7. Изработка на гастрономска понуда во угостителските објекти** | 1. Збогатување на понудата на гастрономски специјалитети во угостителските објекти<br>2. Изработка на специјално дизајнирани менија според современите тенденции<br>3. Промовирање на националната македонска кујна | Бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот, високо образовни институции, невладини организации | 2017-2018 | 1. Збогатена гастрономска понуда<br>2. Изработени менија<br>3. Промовирана национална кујна и традиционални специјалитети<br>4. Број на клиенти и коментари за храната |

# Мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата

За успешно следење и реализација на стратегијата потребен е модел за мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата. Моделот е важен, за финална употреба на стратегијата од теоретска во практична гледна точка. На основа на овој модел, идната стратегија може да се дополни во деловите каде што оваа не е реализирана, да се дадат објаснувања и насоки како би се продолжил туристичкиот развој на општината во континуитет. Во основата на моделот е формирање на Комисија за оцена на стратегијата која го врши мониторингот, евалуацијата и имплементација на стратегијата. Во оваа Комисија треба да влезат членови од сите заинтересирани страни, општина, бизнис заедница, раководители на проекти и сл.

**Дијаграм 3.** Модел за мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата

Комисија за оцена на стратегијата →

- Организациска структура од страна на заинтересираните страни
- Периодични состаноци и изработка на систем и индикатори за мониторинг, евалуација и имплементација
- Изработка на годишен извештај за стратегијата и препораки
- Организација на годишна конференција за заинтересираните страни и презентација на препораките

